SYSTASIS
ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

**УДК: 821.14'02:2-264**
**811.14'02'37:2-264**
**811.124'37:2-264**

РЕЦЕНЗИРАНО: 21. 03. 2019, 05. 04. 2019

# Семантиката и симболиката на δράκων во хеленската митологија и книжевност*

**Слободан Танасковски**

студент на Институтот за класични студии,
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

slobodantanaskovski@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Во овој дипломски труд, почнувајќи од етимологијата на зборот δράκων, ќе се обидеме да ја согледаме неговата конкретна семантика во старогрчкиот јазик. Паралелно, ќе бидат разгледани и други зборови што се однесуваат на змија, како во старогрчкиот така и во латинскиот јазик. Посебен акцент ќе биде ставен на нивната употреба во митологијата.

За таа цел, поединечно ќе разгледаме неколку позначајни змии од хеленската митологија, како змијата чувар на златните јаболка на Хесперидите, змијата од митот за основањето на градот Теба, змијата чувар на златното руно, делфиската змија од митот за Аполон и лернајската хидра, а потоа, накратко ќе погледнеме и неколку мито-

* Дипломски труд изработен под менторство на проф. д-р Валериј Софрониевски и одбранет на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

лошки чудовишта што претставуваат измешани форми на змија со други животни, како Тифон, Ехидна и Химајра.

Со цел да се истражи точната семантика на δράκων, ќе бидат разгледани примери од повеќе хеленски автори, почнувајќи од Хомер, преку Хесиод и трагичарите, до Аполодоровата *Библиотека*, како и од позначајните римски автори од областа на митологијата, Овидиј и Хигин. Патем, ќе биде разгледана и употребата на терминот δράκων кај Аристотел и кај неколку хеленски и римски автори од доцната антика.

*Клучни зборови: δράκων, ὄφις, draco, serpens, anguis, змија, хеленска митологија, митолошко суштество*

## УВОД

Речиси секогаш кога наидуваме на поими како змеј, аждер, ламја или ала, она што прво ни паѓа на ум е исто нешто: огромно крилесто чудовиште што блуе оган. Иако сите овие поими во јужнословенските приказни и народни верувања всушност се однесуваат на различни митолошки суштества, ние сепак ги доживуваме како синоними и овие митолошки суштества ги замислуваме идентично. Оваа слика е останата во традицијата на модерното време и, макар што е неточна, тешко е да се замисли и да се доживее поинаку.

Ист е случајот и кога станува збор за нашата перцепција или поимање на семантиката на старогрчкиот збор δράκων при нашите соочувања со него во хеленската митологија. Поради долговековната интеркултурна традиција, којашто довела до тоа овој збор во повеќе јазици да се прифати како интернационализам што се однесува на посебен вид митолошко суштество и да се задржи исклучиво во митолошки контекст, модерниот концепт за „дракон“ често нè заведува да го доживуваме и замислуваме античкиот концепт погрешно.

Имено, кога станува збор за δράκων во хеленската митологија, и воопшто во хеленската и римската книжевност, сликата е поинаква. Митолошкиот концепт на *дракон* или *змеј*, којшто нам во денешно време ни е познат и веќе го земаме здраво за готово, во хеленскиот свет, во антиката, сè уште е практично непознат.

# 1. Семантиката на δράκων; зборот δράκων во најстарата хеленска книжевност

## 1.1. Етимологија на зборот δράκων

Кога зборуваме за оригиналното значење на еден збор и за промената на неговата семантика до денес, веројатно е најсоодветно да се започне со неговото потекло.

За етимологијата на овој збор има понудено само една возможна теорија. Зборот δράκων (генитив едн. δράκοντος, номинатив мн. δράκοντες), всушност, претставува супстантивиран партицип од глаголот δέρκομαι (инфинитив на аорист δρακεῖν), којшто во старогрчкиот јазик значи 'гледам, набљудувам, зјапам, посматрам, внимавам со поглед'[1], а потекнува од протоиндоевропскиот корен **derḱ-* / **dṛḱ-* 'гледам (кон нешто)'[2]. Оттука, формата за партицип на аорист во номинатив еднина машки род δράκων го добива значењето 'тој што погледнува, тој што зјапа, тој што со погледот внимава'. Во врска, пак, со значењето на оваа вака настаната именка, речниците велат: „змија, змеј, еднаков со ὄφις"[3].

---

[1] Cf. *GHR*: **δέρκομαι**, *ep. poet*. i *poz*. dep. (pas.), *ep*. impf. iterat. *δερκέσκετο*, aor. *ἔδρακον*, perf. (s prez. znač.) *δέδορκα*, i *poet.* aor. *ἐδέρχθην* s akt. znač., 1. intr. a) gledati, često s neutr. adj., kao *δεινόν* strašno gledati, *πῦρ ὀφθαλμοῖσι δεδορκώς* oganj sipajući iz očiju; *δεδορκώς* videći, zdravih očiju, protivno: *τυφλός*. b) svijetlo sunčano vidjeti, živjeti, stoga *δεδορκώς* živ. 2. tranz. vidjeti, pogledati, opaziti, smotriti. *τινά, τί*.

[2] Cf. *EDG*: **δέρκομαι** [v.] 'to look, cast the eye (on)' (ll.). < IE **derḱ-* 'see'>
.VAR Aor. δρακεῖν, with "passive" forms ἐδράκην (Pi.), ἐδέρχθην (A.), perf. (with present mg.) δέδορκα.

[3] Cf. *GHR*, под δράκων и под ὄφις:
***δράκων***, *οντος, ὁ (δέρκομαι, ὀξυδερκὲς γὰρ τὸ ζῷον)*, 1. zmaj, velika zmija, stoga također. *δράκων ὄφις* nazvan, izmišljena životinja, među ostalim i za lernejsku zmiju i kao zmajevo sjeme rečeno za Tebance, koji su (po priči) postali od zmajevih zubi. Služio je podjedno za simbol krvoločnosti (Sof. Ant. 126). 2. zmija. 3. partijski bojni znak.
***ὄφις,*** *εως, poet.* također. *εος, jon. ιος, ὁ*, **zmija**, često isto što *δράκων*, stoga *δράκοντος ὄφεος θέρος* zmijsko sjeme zmajevo.
Cf. *GEL* во врска со истите поими:

Се претпоставува дека во јазикот змијата семантички се врзала со идејата за „гледање“ како дејство поради нејзиниот страшен парализирачки поглед[4]. Огден (Ogden 2013, 96–98) вели дека „ужасната моќ на погледот на δράκοντες е главен фокус во приказните во врска со нив“[5], како и дека „ужасниот поглед е еднакво карактеристичен за δράκων колку и неговиот ужасен загриз“[6].

---

***δράκων*** [ᾰ], οντος, ὁ: (prob. from δέρκομαι, δρᾰκεῖν, cf. Porph. *Abst*. 3.8):—**dragon, serpent,** Il. 11.39, al.; interchangeable with ὄφις, 12.202, 208, cf. Hes. *Th*. 322, 825, Pi. *N*. 1.40, A. *Th*. 292 (lyr.); ἀετὸς καὶ δ. πολέμια Arist. *HA* 609a4; perh. a **water-snake,** ib.602b25.

**ὄφις**, ὁ, gen. ὄφεως, poet. also ὄφεος E. Supp. 703, Ba. 1026, 1331; Dor. and Ion. ὄφιος Hes. *Th*. 322, Hdt. 9.81, Arat. 82:—**serpent**, αἰόλος Il. 12.208; γλαυκῶπα ποικιλόνωτον ὄφιν Pi. *P*. 4.249, cf. A. *Ch.* 544, S. *Ph*. 1328, Hdt. 8.41, Pl. *Phd*. 112d, R. 358b, etc.; ὁ ψυχρὸς ὄ. Theoc. 15.58; equiv. to δράκων in Hes. *Th*. 322, 825: metaph., πτηνὸν ἀργηστὴν ὄφιν, of an arrow, A. *Eu.* 181.

[4] Cf. *EDG***: δράκων**, *-οντος* [m.] 'dragon, serpent' (ll.), also a fish, 'Trachinus' (Epich., cf. Strömberg 1943: 121f.). < IE **dr̥ḱ-* 'look at' >

.VAR Fem. δράκαινα 'female dragon' *(h. Ap., A.)* with δρακαινίς a fish name (Com.); see below.

.DER Diminutive δρακόντιον (Delos IIIa), also a plant 'Arum dracunculum' (Hp.; after the color, Strömberg 1940: 38); δρακοντίς name of a bird (Ant. Lib.; see Thompson 1895: 91); δρακοντία a plant (Ps.-Dsc.); δρακοντίας (πυρός, σίκυς, πελειάς, Thphr.); δρακοντίτης (λίθος; Ptol. Chenn., see Redard 1949: 54). δρακόντειος and δρακοντώδης 'like a dragon' (E.). δρακοντίασις name of a disease (Gal.) as if from *δρακοντιάω, after the words in -ίασις, cf. Holt 1941: 137[3].

.ETYM On the assumption that the dragon was named after his paralyzing sight (despite doubts by Fick BB 18 (1892): 99), δράκων is probably related to δέρκομαι. It could then be an original *n*-stem (cf. δράκαινα) of a root noun *δρά(κ) = Skt. *dr̥ś-* view', whereas the *nt*-stem was formed after the participles (Schwyzer: 526; Chantraine 1933: 268).

Исто така и *DELG* под *δέρκομαι* за формата *δράκων* вели: „Уште од антиката се смета дека овој термин (кој е еднаков на ὄφις) се однесува на фиксираниот и парализирачки поглед на змијата.“

[5] "…the terrible power of *drakontes*' gaze was a major focus of the lore about them. Already in the *Iliad* the *gorgoneion* on Agamemnon's shield with its fearful look (*blosyropis*), its terrible gaze (*deinon derkomene*) and its accompanying strap embellished with a three-headed *drakon*, seems to derive from the same

Според наше мислење, до оваа семантичка поврзаност дошло, пред сè, поради самата анатомија на змијата. За разлика од повеќето други влекачи, како и од повеќето животни воопшто, змиите не поседуваат очни капаци. Наместо капаци, кај нив очите се покриени со тенка и прозирна неподвижна заштитна мембрана. Поради ова, очите на змијата се постојано отворени, па изгледа како таа никогаш да не спие и како со погледот постојано будно да следи. Значи, тој страшен и парализирачки поглед што змијата го поседува, всушност, доаѓа од самата нејзина природа. Оттука, со поименчувањето на партиципот од глаголот чија семантика означува 'гледање', веројатно се реферира не само на застрашувачкиот поглед на змијата туку, пред сè, на нејзиното постојано будно гледање ('таа што зјапа, зјапачка'). Како што ќе видиме подоцна, за неколку значајни митолошки змии постојано се нагласува дека „никогаш не спијат".

## 1. 2. Δράκων кај Хомер

Првите сведоштва за употребата на овој збор се среќаваат уште во најстарите книжевни дела на хеленската култура, односно во Хомеровите епови *Илијада* и *Одисеја*. Хомер овој збор го користи со едноставно значење 'змија', односно во смисла на обично животно, без да даде некој посебен опис, освен некое скромно објаснување во однос на бојата (на пример, δράκων ἐπὶ νῶτα δαφοινός „змија со крвавоцрвен грб", Hom. *Il*. 2.308; φοινήεντα δράκοντα „крвавоцрвена змија", Hom. *Il*. 12.202).

Животното змија во Хомеровите епови речиси секогаш е наречено со зборот δράκων, и овој збор со вакво значење е употребен и во фактички ситуации што се случуваат за време на наративот на Тројанската војна[7], и во замислени хипотетички ситуации, односно

thought-world as the *drakon* that appears in a later simile and is said to 'have a dreadful gaze' (*smerdaleon…dedorken*)".

[6] "…in Greek snake-lore a terrible eye was as characteristic of a *drakon* as was its terrible bite".

[7] „ἔνθ' ἐφάνη μέγα σῆμα· **δράκων** ἐπὶ νῶτα δαφοινὸς
σμερδαλέος, τόν ῥ' αὐτὸς Ὀλύμπιος ἦκε φόως δέ,
βωμοῦ ὑπαΐξας πρός ῥα πλατάνιστον ὄρουσεν."
„Тога големиот белег се појавил: **змеј** в грбот црвен,

во познатите хомерски проширени споредби[8]. Меѓутоа, во секој случај, значењето секогаш е *змија*, без притоа да се навестуваат какви било натприродни, митолошки или чудовишни карактеристики. Другиот збор за змија, ὄφις, го употребува само еднаш, во *Илијада*, и тоа паралелно покрај δράκων, како синоним: *φοινήεντα* ***δράκοντα*** *φέρων ὀνύχεσσι πέλωρον* („Голема црвена **змија** во ноктите жива носејќи", Hom. *Il*. 12.202), и неколку стихови подолу: *Τρῶες δ᾽ ἐρρίγησαν ὅπως ἴδον αἰόλον* ***ὄφιν*** („Тројците, како ја вишле виткавата **змија** кај лежи" Hom. *Il.* 12.208). Двата различни збора, δράκων и ὄφις (овде во акузатив, δράκοντα и ὄφιν), се однесуваат на истата змија што орелот ја пушта на бојното поле (Hom. *Il*. 12.200–209).

### 1. 3. Δράκων кај Хесиод

Хеленските поети ги употребуваат овие два збора и кога опишуваат митско чудовиште што во комплексниот состав од повеќе различни животни вклучува и змиски дел. Хесиод во *Теогонија* за змиските глави на чудовиштето Тифаон вели: „ἦν ἑκατὸν κεφαλαὶ **ὄφιος**, δεινοῖο **δράκοντος**"[9]. Исто така и во однос на главите на чудовишната Химајра: „τῆς δ᾽ ἦν τρεῖς κεφαλαί: μία μὲν χαροποῖο λέοντος, / ἡ δὲ χιμαίρης, ἡ δ᾽ **ὄφιος**, κρατεροῖο **δράκοντος**" (Hes. *Th.* 321–322). Значи, змискиот дел во телата на чудовишта како Тифаон и Химајра, Хесиод во *Теогонија* истовремено го нарекува и ὄφις и δράκων (односно во генитив ὄφιος и δράκοντος).

---

Грозен, што самиот Зевс на видело него го пуштил.
С' измолкнал оздола тој од жртвеникот, на јавор сползнал."
(Хомер, *Илијада* 2.308–310, препев Михаил Д. Петрушевски).

Δράκων, во конкретниот случај, Петрушевски го преведува како „змеј" metri causa, а во фуснота бр. 3 дава кратко појаснување: змеј = змија (стр. 151).

[8] „ὡς δ' ὅτε τίς τε **δράκοντα** ἰδὼν παλίνορσος ἀπέστη
οὔρεος ἐν βήσσῃς, ὑπό τε τρόμος ἔλλαβε γυῖα,
ἂψ δ' ἀνεχώρησεν, ὠχρός τέ μιν εἷλε παρειάς," (Hom. *Il*. 3.33–35).
„ὡς δὲ **δράκων** ἐπὶ χειῇ ὀρέστερος ἄνδρα μένῃσι
βεβρωκὼς κακὰ φάρμακ᾽, ἔδυ δέ τέ μιν χόλος αἰνός,
σμερδαλέον δὲ δέδορκεν ἑλισσόμενος περὶ χειῇ:" (Hom. *Il*. 22.93–95).

[9] Hes. *Th.* 825 „сто глави ужасни, **аждерски**, **змиски** на рамења негој" (Хесиод, *Теогонија*, препев Марија Чичева-Алексиќ).

Во *Штитот на Хераклe*, δράκων исто така се јавува на две места: прво, повторно паралелно користејќи ги термините δράκων и ὄφις, Хесиод опишува дванаесет змии изработени на штитот, темносини во грбот, со дамки и со црни вилици[10]. На второто место се јавува во двоина **δράκοντε** за двете змии на појасите на Горгоните[11].

## 2. Митологизација на змијата, придавање натприродни и фантастични карактеристики

### 2. 1, Неколку општи одлики на змијата во митологијата

Во митологијата и народните верувања на секоја култура, на змијата секогаш ѝ се придаваат натприродни и фантастични карактеристики. Од тој аспект, ништо поинаква не е ниту сликата за змијата во хеленската митологија. Пред сè, поетите често ги претставуваат змиите во митовите како чудовишно огромни. Така се замислени повеќето познати змии во хеленската митологија, како на пример: делфиската змија, змијата што го чува златното руно во Колхида, змијата во градината на Хесперидите, лернајската хидра итн. Покрај чудовишната големина, неколку митски змии имаат повеќе глави, а некои се крилести.

#### 2. 1. 1. Крилести змии

Иако за нас е сосема очекувано да го замислиме митолошкото суштество „дракон“ како крилеста змија, во старогрчките митови, крилести змии се среќаваат сосема ретко. Во разни верзии на митот

[10] „ἐν δ᾽ **ὀφίων** κεφαλαὶ δεινῶν ἔσαν, οὔ τι φατειῶν,
δώδεκα, ταὶ φοβέεσκον ἐπὶ χθονὶ φῦλ᾽ ἀνθρώπων,
οἵ τινες ἀντιβίην πόλεμον Διὸς υἷι φέροιεν:
τῶν καὶ ὀδόντων μὲν καναχὴ πέλεν, εὖτε μάχοιτο
Ἀμφιτρυωνιάδης, τὰ δ᾽ ἐδαίετο θαυματὰ ἔργα.
στίγματα δ᾽ ὣς ἐπέφαντο ἰδεῖν δεινοῖσι **δράκουσιν**:
κυάνεοι κατὰ νῶτα, μελάνθησαν δὲ γένεια.“ (Hes. *Sc.* 161–167).

[11] „…ἐπὶ δὲ ζώνῃσι **δράκοντε**
δοιὼ ἀπηωρεῦντ᾽ ἐπικυρτώοντε κάρηνα.
λίχμαζον δ᾽ ἄρα τώ γε: μένει δ᾽ ἐχάρασσον ὀδόντας
ἄγρια δερκομένω…“ ( Hes. *Sc*. 233–236).

за Деметра, две змии ја влечат летечката кола што божицата му ја дава на културниот херој Триптолем. Слично на ова, Медеја лета на небото качена врз кола што ја влечат две змии, којашто ја добива од нејзиниот дедо, богот Хелиј. Ваквите змии некогаш се претставени како крилести, а некогаш немаат крилја, но сепак имаат способност да летаат. На пример, змиите што ја влечат колата на Триптолем[12] и оние што ја влечат колата на Медеја[13], Аполодор во *Библиотека* ги нарекува πτηνῶν δρακόντων. Ова не мора нужно да значи дека овие змии имаат крилја, бидејќи зборот πτηνός го има општото значење ‘летечки, способен да лета’[14], а не буквално ‘крилест, со крилја’. Покрај ова, змиите што летаат не секогаш се претставени како крилести на претставите од вазното сликарство (сл. 1, 2, 3). На некои визуелни претстави на Триптолем, самата кола е крилеста, но не и змиите што ја влечат (сл. 4 и 5). Сепак, кога се претставени како крилести, нивните крилја се со пердуви, како крилјата на птиците (сл. 6 и 7). Овидиј ги нарекува змиите на Медеја pennates (Ov. *Met.* 7.218 и натаму), што значи дека буквално имаат крилја, и тоа со пердуви, бидејќи основното значење на зборот penna најпрво е ‘пердув’, а потоа преносно ‘крило’[15].

[12] Apollod. *Bibl.* 1.5.2: *δίφρον…πτηνῶν δρακόντων*.

[13] Ibid. 1.9.28: *καὶ λαβοῦσα παρὰ Ἡλίου ἅρμα πτηνῶν δρακόντων*.

[14] Cf. *GEL*: **πετεινός**, ή, όν, also **πετηνός** (v. fin.), and **πτηνός** (v. sub voc.), Ep. and poet. πετεηνός (also πετεεινός AP 9.337 (Leon.), 363.22 (Mel.)):— able to fly, full-fledged.

**πτηνός** , ή, όν, Dor. πτανός , ά, όν; also ός, όν Pl.Prt.320e: (πτῆναι, πέτομαι):— A. flying, winged.

[15] Cf. Софрониевски (2001): **penna**, ae, *f.* 1) перо, пердув; *pl. обично* крилја (decisis pennis со потсечени крилја). 2) пердув на стрела, стрела; лет, прелетување, *при гатање според летот на птиците* (penna dare notas).

Cf. *EDL*: penna 'wing, feather' [f. a] (P1.+; pesnas 'petnas', pesnis 'pennis' Paul, er F. 209, 312)

Derivatives: pennatus 'winged' (P1.+), bipennis 'having two wings' (Varro+); pinna

'feather, wing, fin, parapet' (P1.+), pinnatus 'feathered, winged' (Lucil.+), pinnula


'little wing, little feather' (P1.+); pinniger 'carrying feathers, winged' (Acc.+).




**Сл. 1. Медеја качена на колата со змии, околу 400 п.н.е. Змиите се претставени без крилја. (https://www.theoi.com/Gallery/M26.1.html)**




**Сл. 2. Медеја качена на колата со змии, доцен класичен период. Змиите се претставени без крилја. (https://www.theoi.com/Gallery/M26.2.html)**




**Сл. 3. Медеја и Хелиј, 330-310 п.н.е. Змиите се претставени без крилја. (https://www.theoi.com/Gallery/O28.7.html)**




**Сл. 4. Триптолем во друштво на божиците Деметра и Персефона, 490-480 п.н.е. Змиите се бескрилни, но има крилја на самата кола. (https://www.theoi.com/Gallery/O28.1.html)**




**Сл. 5. Триптолем со Деметра и Персефона, 470-460 п.н.е. Колата е крилеста, видлива е само една од двете змии, претставена без крилја. (https://www.theoi.com/Gallery/O28.2.html)**



**Сл. 6. Медеја качена на колата, 340-330 п.н.е. Редок пример од вазното сликарство кадешто змиите коишто ја влечат колата на Медеја се претставени со крилја. (http://www.engramma.it/eOS/resources/images/107/107_galasso_14_cratere%20a%20campana%20falisco(1).jpg)**



**Сл. 7. Медеја со крилести змии, релјеф на римски саркофаг, средина на 2 век н.е. (https://www.flickr.com/photos/abuaiman/2244268454)**

За овие змии, покрај грцизмот draco, поетот исто така паралелно ги употребува латинските зборови serpens и anguis, како и vipera ('змија отровница'), а на едно место за нив користи интересен епитет: ги нарекува Titaniacis draconibus. Смислата на овој епитет веројатно е дека овие „титански" змии, исто како Титаните, се родени од божицата Земја (Ov. *Met.* 7.398).

Кога станува збор за крилести змии, интересно е да се спомне и еден податок што го дава Херодот; во својата *Историја*, тој зборува за постоење на крилести змии (ὄφιες πτερωτοί, Hdt. *Hist.* III.107–109 / ὄφιες ὑπόπτεροι, Hdt. *Hist.* II.75) што живеат „само во Арабија и никаде повеќе"[16] и на почетокот на пролетта долетуваат од Арабија во Египет[17]. Херодот сведочи за изгледот на овие змии и за нивните крилја го вели следното: „А змиите [крилестите] по изглед се како

[16] Херодот, *Историја* III.109, превод Даница Чадиковска.

[17] Ibid. II.75.

водните змии. Крилјата, пак, не им се со пердуви, туку некако најслични на крилјата на *лилјакот*“ (Hdt. *Hist.* II. 76)[18]. Покрај тоа, на друго место вели уште и: „...не се големи, шарени се...“ (Hdt. *Hist.* III.107). Значи овие змии, за кои Херодот зборува како за вистински, а не како за митолошки животни, *личат* на водни змии, мали се, шарени, со крилја како *лилјак*, за разлика од митолошките летечки змии, коишто се доволно големи за да влечат кола и имаат крилја со пердуви како кај птиците.

**2. 1. 2. Повеќеглавост**

Што се однесува до митолошките карактеристики на змијата, во митовите се среќаваат и повеќеглави змии. Најтипичен пример е лернајската хидра, потоа чуварот на златните јаболка во градината на Хесперидите (во подоцнежните извори именуван *Ладон*), а тука може да се вброи и Тифаон, чудовиштето со сто змиски глави.

Во малку поинаков контекст, и Хомер на едно место споменува повеќеглава змија, поточно троглав δράκων, иако на ова место сепак не станува збор за живо суштество, туку за слика што се наоѓа на ременот од штитот на Агамемнон: „τῆς δ᾽ ἐξ ἀργύρεος τελαμὼν ἦν: αὐτὰρ ἐπ᾽ αὐτοῦ / κυάνεος ἐλέλικτο **δράκων**, κεφαλαὶ δέ οἱ ἦσαν / τρεῖς ἀμφιστρεφέες ἑνὸς αὐχένος ἐκπεφυυῖαι“ (Hom. *Il*. 11.38–40).

**2. 1. 3. Некои општи одлики на женскиот род δράκαινα**

Морфолошки и етимолошки, δράκαινα претставува женски род од δράκων, па според тоа е просто уште еден синоним за ὄφις. Меѓутоа, кога се среќава во митолошки контекст, женскиот род од именката носи некои свои специфики. Имено, δράκων, во машки род, без разлика дали е во митолошки контекст или не, секогаш се претставува само како змија, иако, како што веќе беше кажано, во митолошки контекст може да биде огромна, некогаш повеќеглава и, исклучително ретко, крилеста змија. Од друга страна, женските митолошки змии δράκαιναι, веројатно по аналогија на чудовишната Ехидна[19], во митолошките сцени во литературата и во вазното

[18] Τοῦ δὲ ὄφιος ἡ μορφὴ οἵη περ τῶν ὑδρων· πτίλα δὲ οὐ πτερωτὰ φορέει, ἀλλὰ τοῖσι τῆς νυκτερίδος πτεροῖσι μάλιστά κῃ ἐμφερέστατα (Hdt. *Hist.* II.76).

[19] Иако, по својот изглед и чудовишна природа, Ехидна е слична со други митолошки чудовишта што се половина жени, половина змии, колку

сликарство се претставувани како половина девојки, половина змии. На пример, Аполодор во *Библиотека* вели: „...Δελφύνην δράκαιναν· ἡμίθηρ δὲ ἦν αὕτη ἡ κόρη“ („...змијата Делфина, што била половина ѕвер, половина девојка“)[20]. Кога не е употребен во митолошки контекст, женскиот род може просто да се однесува на обична змија од женски пол[21]. Со овој збор некогаш преносно се нарекуваат и Ериниите, подземните божици со змиски коси[22]. Покрај ова, често се употребува и во преносно значење за зла, страшна или опасна жена[23].

Во сосема друг контекст, во митологијата се среќаваат и машки митски ликови што се половина луѓе, а половина змии. Меѓутоа, разликата во карактерот е огромна, бидејќи, за разлика од женските δράκαιναι, кај овие митски ликови змискиот дел не укажува на нивна чудовишност, монструозност, туку укажува на нивната автохтоност, во буквална смисла на зборот. Имено, вака се замислувани легендарните кралеви на градот Атина, пред сè Кекропс[24], основачот на градот, а по него и неговите наследници, првите кралеви на Атина: Кранај, Амфиктион, Ерихтониј (Ерехтеј). За овие ликови се вели

што ни е познато, таа никогаш не е наречена со зборот δράκαινα, ниту пак змискиот дел од нејзиното тело е наречен δράκων, туку само ὄφις.

[20] Аполодор, *Библиотека*, 1.6.3, превод Весна Томовска.

[21] E. *Ba.* 1358; Phillostr. *VA* 3.6.12.

[22] „ὕπνος πόνος τε κύριοι συνωμόται / δεινῆς **δρακαίνης** ἐξεκήραναν μένος“

„И сон и напор – сложни заговорници, / на таа страшна **змија** моќ ѝ сотреа.“ (Ајсхил, *Орестија*, *Евмениди* 128, препев Даница Чадиковска).

„Πυλάδη, δέδορκας τήνδε; τήνδε δ' οὐχ ὁρᾶις
Ἅιδου **δράκαιναν** ὥς με βούλεται κτανεῖν
δειναῖς ἐχίδναις εἰς ἔμ' ἐστομωμένη;“
„Го гледаш, Пиладе, тој **Аждер** Адов, оф!
Зар не гледаш кај сака да ме убие
И ми се топори со страшни змиишта?“
(Еврипид, *Ифигенија во Таврида* 285–287, превод Даница Чадиковска).

[23] На пример, за Кирка (Lycophron Trag. *Alexandra* 674).

[24] „Κέκροψ αὐτόχθων, συμφυὲς ἔχων σῶμα ἀνδρὸς καὶ **δράκοντος**“
„Кекропс, самоникнат од почвата, со краснато тело од маж и змија.“
(Аполодор, 3.14.1, op. cit.; исто така и Ov. *Met.* 559–560).

дека се никнати од земја (αὐτόχθων)[25], и затоа најчесто наместо нозе имаат змиски опаш. Змискиот дел всушност укажува на нивното потекло од земјата и нивната врзаност и припадност кон земјата.

## 3. Змијата како митолошко чудовиште

Откако кажавме нешто во врска со општите одлики што можат да се јават кај змијата во митологијата, во делот што следува ќе погледнеме неколку конкретни примери. Најпрво, поединечно ќе разгледаме неколку позначајни змии од хеленската митологија, коишто, иако се чудовишни и огромни, во обликот сепак се само змии (иако некои од нив се повеќеглави). Потоа, накратко ќе разгледаме и неколку митолошки чудовишта што претставуваат измешани форми на змија со други животни.

### 3. 1. Неколку позначајни митолошки змии

Овде спаѓаат познатите змии од хеленските митови: делфиската змија од митот за Аполон и Делфиското пророчиште; чуварот на златното руно од митот за Јасон и Аргонаутите; змијата од митот за основањето на градот Теба; како и две змии познати од циклусот митови за дванаесетте подвизи на Хераклe: хидрата од Лернајското Мочуриште и змијата што ги чувала златните јаболка во градината на Хесперидите.

#### 3. 1. 1. Чуварот на златните јаболка во градината на Хесперидите

Најстариот извор каде што се сретнува оваа митолошка змија е Хесиодовата *Теогонија*. Хесиод не го именува овој чувар, туку само го нарекува „страшна змија“ (δεινὸν ὄφιν). Притоа, не дава никаков опис за оваа змија, туку само накратко го споменува како најмладо чедо на титанските морски божества Форкин и Кето[26].

[25] Hom. *Il.* 2.547–548; Apollod. *Bibl.* 3.14.5–6; Hyg. *Fab.* 166; Hyg. *Astr.* 2.13 Heniochus.

[26] Hes. *Th.* 333–335:
„Κητὼ δ᾽ ὁπλότατον Φόρκυι φιλότητι μιγεῖσα
γείνατο δεινὸν **ὄφιν**, ὃς ἐρεμνῆς κεύθεσι γαίης
πείρασιν ἐν μεγάλοις παγχρύσεα μῆλα φυλάσσει.“

Подоцнежните автори, како Аполодор, го сметаат за син на Тифон и Ехидна. Аполодор за него вели дека е бесмртен и има сто глави што зборуваат со различни гласови: „ἐφύλασσε δὲ αὐτὰ **δράκων** ἀθάνατος, Τυφῶνος καὶ Ἐχίδνης, κεφαλὰς ἔχων ἑκατόν· ἐχρῆτο δὲ φωναῖς παντοίαις καὶ ποικίλαις“. („Нив [златните јаболка] ги чувал бесмртен змеј со сто глави, потомок на Тифон и Ехидна, а негово средство биле бројни и различни звуци.“, Аполодор, 2.5.11) Малку подоцна, Аполодор, мислејќи на истиот чувар на златните јаболка, го употребува другиот збор за змија: „...κτείναντα τὸν φρουροῦντα **ὄφιν**“. („[Хераклe] ја убил змијата што ги чувала [златните јаболка].“, Аполодор, 2.5.11)

Хигин исто така го смета за син на Тифон и Ехидна и постојано го нарекува со зборот *draco* и во *Fabulae* (Hyg. *Praef.* 39, Hyg. *Fab.* 30.12 и 151.1), а исто така и во *De astronomia*, под насловот за созвездието Змија (Hyg. *Astr.* 3. Seprens). Овидиј за него вели дека никогаш не спиел и постојано будно ги чувал јаболката[27]. Дури Аполониј од Родос во *Аргонаутика* го именува овој звер како Ладон, па оттогаш во традицијата останува познат под ова име[28].

### 3. 1. 2. Кадмо и змијата чувар на изворот на Арес

Кадмо, основачот на Теба, откако наоѓа погодно место за основање на градот во Бојотија, ги испраќа своите придружници да земат вода од блискиот извор. Меѓутоа, изворот го чува огромна змија. Овој звер Аполодор го нарекува δράκων, а Хигин draco, и велат дека бил син на Арес (Марс) (Apollod. *Bibl.* 3.4.1; Hyg. *Fab.* 178). Овидиј, нарекувајќи го со латинските зборови serpens и anguis, го опишува неговиот чудовиштен изглед со прекрасна деталност[29]. Според

[27] „pomaque ab insomni concustodita **dracone**“ / „и јаболките што ги чуваше будниот дракон.“ (Овидиј, *Преобразби* 9. 190, препев Љубинка Басотова).

[28] „... ἶξον δ᾽ ἱερὸν πέδον, ᾧ ἔνι Λάδων
εἰσέτι που χθιζὸν παγχρύσεα ῥύετο μῆλα
χώρῳ ἐν Ἄτλαντος, χθόνιος **ὄφις**:...“ (A. R. *Arg*. 4.1396–1398).

[29] „Martius **anguis** erat, cristis praesignis et auro;
igne micant oculi, corpus tumet omne venenis,
tresque vibrant linguae, triplici stant ordine dentes.
quem postquam Tyria lucum de gente profecti
infausto tetigere gradu, demissaque in undas

описот на Овидиј, оваа змија е огромна, има три јазици и заби во три реда, а на главата има истакнат кукул (кикиришка). Sверот најпрво ги убива испратените луѓе, но потоа е убиен од Кадмо. По совет на Атена, Кадмо ги посева змиските заби, и од нив од земјата никнуваат вооружени војници (наречени Σπαρτοί, Спарти „Посеани", Apollod. *Bibl.* 3.4.1), кои веднаш меѓусебно се убиваат. Оние петмина што останuваат, а се никнати од земја од посеаните змиски заби, заедно со Кадмо го основаат градот Теба во Бојотија[30]. Се вели дека, по Кадмо, останатиот дел од забите на оваа змија ги посева Јасон, од коишто исто така од земјата никнуваат војници[31].

Како казна за убиството на змијата на Арес, Кадмо на крајот од својот живот е претворен во змија заедно со сопругата Хармонија. И за нив во облик на змии авторите користат различни зборови. Еврипид во *Бакхи* вели: „**δράκων** γενήσῃ μεταβαλών, δάμαρ τε σὴ / ἐκθηριωθεῖσ᾽ **ὄφεος** ἀλλάξει τύπον"[32], потоа „**δράκων δρακαίνης** φύσιν ἔχουσαν ἀγρίαν ἄξω"[33]. Исто така и Аполодор: „αὖθις δὲ μετὰ Ἁρμονίας εἰς **δράκοντα** μεταβαλὼν εἰς Ἠλύσιον πεδίον ὑπὸ Διὸς ἐξεπέμφθη"[34]. Од римските автори, Хигин ги нарекува преобразените сопружници dracones (Hyg. *Fab.* 6), а Овидиј ја опишува преобразбата користејќи ги паралелно термините serpens, anguis и draco (Ov. *Met.* 4.571–603).

---

urna dedit sonitum, longo caput extulit antro
caeruleus **serpens** horrendaque sibila misit." (Ov. *Met.* 3.31–37).

[30] „...ὃς τὸ γηγενὲς / **δράκοντος** ἔσπειρ᾽ **Ὄφεος** ἐν γαίᾳ θέρος"
„...кој посеа / од змеј во земја семе змиско – земјин род"
(Еврипид, *Бакхи* 126–127, препев Даница Чадиковска).

[31] A. R. *Arg*. 3.407 и понатаму, 3.493 и понатаму, 3.1045 и понатаму, 3.1176–1187, 3.1277 и понатаму; Apollod. *Bibl.* 1.9.23.

[32] „Во змеј ти ќе се претвориш, а жена ти, / ќе здивее, на змија ќе си земе лик", Еврипид, *Бакхи*, 1330.

[33] „ко страшна змија ќе ја водам јас ко змеј", Еврипид, *Бахки*, 1358.

[34] „Подоцна заедно со Хармонија бил претворен во змија и Sевс ги испратил во Елисејската градина." Аполодор, *Библиотека* 3.5.4.

### 3. 1. 3. Змијата чувар на златното руно во Колхида

Јасон и Аргонаутите биле испратени во Колхида со задача да го донесат руното од златниот овен во Јолк. Златното руно било закачено на дрво во светиот лаг на Арес, а како чувар била поставена огромна змија, која никогаш не спиела.

Во *Аргонаутика* се вели дека оваа бесмртна змија била родена на Кавказ од божицата Земја (Гаја)[35]. Хигин, пак, го вбројува овој draco(n) во породот на Тифон и Ехидна (Hyg. *Praef.* 39; Hyg. *Fab.* 151). Овидиј го опишува сликовито и, исто како за змијата убиена од Кадмо, вели дека имал три јазици и кукул[36].

За овој звер се вели дека бил постојано буден[37], сè додека со своите магиски песни и билки не го успала Медеја[38]. Така, со помош на Медеја, Јасон успева да го добие златното руно. Според некои верзии, ѕверот на крајот бил убиен од Јасон.

---

[35] „ῥηίδιον· τοῖός μιν **ὄφις** περί τ' ἀμφί τ' ἔρυται
ἀθάνατος καὶ ἄυπνος, ὃν αὐτὴ Γαῖ' ἀνέφυσεν
Καυκάσου ἐν κνημοῖσι, Τυφαονίη ὅθι πέτρη“ (A.R. *Arg.* 2.1208–1210).

[36] „Pervigilem superest herbis sopire **draconem**,
qui crista linguisque tribus praesignis et uncis
dentibus horrendus custos erat arboris aureae“ (Ov. *Met.* 7.150–152).

[37] „πεπτάμενον φηγοῖο **δράκων**, τέρας αἰνὸν ἰδέσθαι,
ἀμφὶς ὀπιπεύει δεδοκημένος: οὐδέ οἱ ἦμαρ,
οὐ κνέφας ἡδυμος ὕπνος ἀναιδέα δάμναται ὄσσε.'“ (A. R. *Arg*. 2.405–407).
„ἐφρουρεῖτο δὲ ὑπὸ **δράκοντος** ἀύπνου.“ / „го чувал змеј што никогаш не заспива.“ (Apollod. *Bibl*. 1.9.16).
„insopitumque **draconem**“ / „вечно будниот дракон“, Ov. *Met.* 7.36.

[38] „**δράκοντά** θ᾽, ὃς πάγχρυσον ἀμπέχων δέρος
σπείραις ἔσῳζε πολυπλόκοις ἄυπνος ὤν,
κτείνασ᾽ ἀνέσχον σοὶ φάος σωτήριον.“
„Јас змевот, којшто руното го чуваше
Сè свиткан в катој многу, буден севезден –
Го убив, тебе светол спас носејќи ти.“
(Еврипид, *Медеја* 480–482 , препев Катерина Колозова).
„τὸν φυλάσσοντα **δράκοντα** κατακοιμίσασα τοῖς φαρμάκοις“
„змејот што го чувал [златното руно] го успала со билки.“ Apollod. *Bibl.* 1.9.23.

Пиндар, во врска со златното руно и неговиот чувар, вели: „...κεῖτο γὰρ λόχμᾳ, **δράκοντος** δ' εἴχετο λαβροτατᾶν γενύων, / ὃς πάχει μάκει τε πεντηκόντερον ναῦν κράτει, / τέλεσεν ἂν πλαγαὶ σιδάρου.“ („...[златното руно] беше положено во лагот и беше чувано од алчните челусти на **змијата** (δράκοντος), којашто по дебелина и должина надминуваше брод со педесет весла, направен со удар од чекан“) (Pi. *P*. 4.243–246). Пиндар неколку стихови подолу за истата змија го употребува другиот збор: „κτεῖνε μὲν γλαυκῶπα τέχναις ποικιλόνωτον **ὄφιν**“ („…со лукавство ја уби сивооката **змија** (ὄφιν) со шарен грб“) (4.249). Чудовишната големина на оваа змија се гледа и на примери од вазното сликарство (сл. 8).




**Сл. 8. Јасон, Атена и змијата чувар на златното руно во Колхида, околу 500-450 п. н. е. На сликата е претставена изгубена верзија на митот, според којашто Јасон е проголтан од змијата, овде прикажана како чудовишно огромна, а божицата Атена му доаѓа на помош. (https://www.theoi.com/Gallery/M20.1.html)**

Во *Аргонаутика*, овој звер поретко е наречен δράκων (A.R. 2.405), а почесто ὄφις (A.R. 2.1208; 2.1269; 4.88; 4.128). Во *Библиотека*, пак, е нарекуван со терминот δράκων (Apollod. *Bibl.* 1.9.16, 23), а исто така и римските автори Хигин и Овидиј постојано го нарекуваат со грцизмот draco[39].

[39] Hyg. *Praef.* 39, Hyg. *Fab.* 22.4; 151.1; Ov. *Met.* 7.31, 36, 149.

### 3. 1. 4. Питон или Делфина – змијата чувар на Делфиското пророчиште

Пред раѓањето на Аполон, пророчиштето на планината Парнас било чувано од огромна змија. Некои велат дека во тоа време од пророчиштето пророкувала божицата Темида[40], а според други, пророштвата биле соопштувани од самата змија (Hyg. *Fab.* 140.1). Кога Лето била бремена со Аполон и Артемида, љубоморната Хера ја испратила оваа змија да ја гони титанската божица по целиот свет со цел да не ѝ допушти да роди. Лето сепак успева да најде засолниште и да се породи на островот Делос, а змијата, не успевајќи да ја пронајде божицата, се враќа во своето живеалиште. Откако Аполон се раѓа, ја наоѓа змијата на Парнас и ја убива со своите стрели, со што ја одмаздува својата мајка и го освојува пророчиштето.

Првиот извор каде што се споменува оваа митска змија веројатно е Хомерската химна 3 до Аполон. Во оваа химна, поетот не наведува лично име на змијата, туку само ја нарекува во женски род со зборот δράκαινα (*Ap*. 3.300 и понатаму). Подоцна, овој ѕвер добива и лично име: понекогаш се среќава во женски род како Делфина (Δελφύνη), поретко со истото име во машки род (Δελφύνης)[41], а подоцна во машки род станува уште попознат под името Питон

[40] Apollod. *Bibl.* 1.4.1; Paus. 10.5.6.

[41] „ὥς ποτε πετραίῃ ὑπὸ δειράδι Παρνησσοῖο
Δελφύνην τόξοισι πελώριον ἐξενάριξεν“ (A. R. *Arg*. 2.705–706).

Дионисиј од Александрија го нарекува местото Питон, а змијата Делфина(с), во машки род (δράκοντος):

„τῷ πάρα Πυθῶνος θυόεν πέδον, ἦχι δράκοντος
Δελφύνης τριπόδεσσι θεοῦ παρακέκλιται ὁλκός,
ὁλκός, ἀπειρεσίῃσιν ἐπιφρίσσων φολίδεσσι“
(Dionysios Periegetes, *Orbis descriptio* 442).

„Οἱ μὲν ὁ Δελφύνης κλίνουσι ἀρσενικῶς, οἱ δὲ ἡ Δελφύνη θηλυκῶς. Ὅτι Δελφύνης ἐκαλεῖτο ὁ φυλάσσων τὸ ἐν Δελφοῖς χρηστήριον, Λέανδρος καὶ Καλλίμαχος εἶπεν· δράκαιναν δὲ αὐτήν φησιν εἶναι θηλυκῶς καλουμένην Δελφύνην αὐτὸς ὁ Καλλίμαχος. – Τὴν δὲ ἀναιρεθεῖσαν [ἐν τῷ χρηστηρίῳ τῶν Δελφῶν] δράκαιναν [ὑπὸ Ἀπόλλωνος] Δελφύνην καλεῖσθαι θηλυκῶς φησὶ Λέανδρος καὶ Καλλίμαχος.“

(Maeandrius Hist., *Fragmenta* (2339: 002), “FHG 2”, Ed. Müller, K., Paris: Didot, 1841–1870. Fragment 10 Schol. Apoll. Rh. II, 706).

(Πύθων). Под ова име, само накусо се споменува во *Библиотека*: „ὁ φρουρῶν τὸ μαντεῖον Πύθων **ὄφις**“ / „...чуварката на пророчиштето, **змијата** Питон...“ (Аполодор, *Библиотека* 1.4.1).

Од римските автори, Хигин вели дека Питон е син на божицата Земја и го нарекува draco (Hyg. *Fab.* 140.1). Овидиј го нарекува со зборот serpens и вели дека го родила Земјата по големиот потоп.

Illa* quidem nollet, sed te quoque, maxime Python,
tum genuit, populisque novis, incognita **serpens**,
terror eras: tantum spatii de monte tenebas[42].

Покрај тоа што се опишува како чудовишно огромен, за овој ѕвер Еврипид вели уште и дека има бронзени крлушки: „ὅθι ποικιλόνωτος οἰ-/νωπὸς **δράκων**, / σκιερᾷ **κατάχαλκος** εὐ-/φύλλῳ δάφνᾳ, / γᾶς πελώριον τέρας, ἄμφεπε μαντεῖ-/ον Χθόνιον.“ („Кај што шареногрб црвен **змеј** / со оклоп бронзен, огромно чудовиште / на земјава, под лавор листен, сенчест, / го чуваше подземното пророчиште.“[43])

Иако, во Хомерската химна, делфиската змија не се сретнува под името Питон, поетот етимолошки го врзува името на местото Пито со нејзиното убивање. Имено, поетот вели дека местото е наречено Пито според гниењето (πύθω / πύθομαι – ‘гнијам, скапувам’) на убиеното чудовиште под силата на сончевите зраци:

τὴν δ᾽ αὐτοῦ κατέ**πυσ**᾽ ἱερὸν μένος Ἠελίοιο,
ἐξ οὗ νῦν **Πυθὼ** κικλήσκεται: οἳ δὲ ἄνακτα
**Πύθιον** ἀγκαλέουσιν ἐπώνυμον, οὕνεκα κεῖθι
αὐτοῦ **πῦσε** πέλωρ μένος ὀξέος Ἠελίοιο[44].

[42] „Безволно таа* и тебе те роди Питоне тогаш,
нова, незнајна дотогаш **ламја** за новиот народ,
страшило, зашто во гората многу заземаше простор.“
*таа (illa) = земјата (tellus) (Овидиј, *Преобразби* 1.440-442.).

[43] Еврипид, *Ифигенија во Таврида* 1244–1248.

[44] „Изгни тој сосема таму од светата сила на Хелиј
Оттогаш, па сè до денес местото Пито се вика,
Богот, пак, Питски, по прекар го викаат, зошто баш таму
г᾽ остави ѕверот да згние од силниот бодеж на Хелиј.“
(*Хомерски химни*, III до Аполон, 371–374, препев Марија Чичева-Алексиќ).

Делфиското пророчиште се наоѓа кај каменот наречен ὄμφαλος, 'папок', каде што, според Хелените, се наоѓал центарот на светот или папокот на земјата. Името на змијата чувар Делфина (Δελφίνη), како и името на местото Делфи (Δελφοί), доаѓа од δελφύς што значи 'матка', односно 'утроба'. Од оваа „утроба на земјата", од пукнатини излегувале испарувања. Аполоновата свештеничка, којашто пророкувала вдишувајќи ги овие испарувања од пукнатините во земјата, е наречена Питија (Πυθία, ἡ), според другото име на змијата (Питон – Πύθων) и на местото (Пито – Πύθω). По убивањето на змијата, Аполон ги воспоставува Питиските игри (τὰ Πύθια), а и самиот го носи епитетот Питиски (Πύθιος).

Покрај тоа, од ова лично име на оваа чудовишна митолошка змија, денес потекнува и називот за еден вид неотровна змија стегач – питон (Python), како и називот за целата таа фамилија на змии – Pythonidae, од којашто различни видови се наоѓаат во Африка, Азија и Австралија.

Во *Библиотека*, во митот за битката помеѓу Зевс и Тифон (1.6.3), се вели дека Тифон го оставил заробениот Зевс во Корикиската Пештера во Киликија, а како чувар ја поставил змијата (δράκαινα) Делфина. Од друга страна, во Хомерската химна до Аполон (3.300 и понатаму), се вели дека делфиската змија го одгледала Тифон. Иако во конкретниот извор оваа δράκαινα не носи лично име, според тоа што во подоцнежните извори е наречена Делфина, може да се претпостави дека се работи за истата змија, бидејќи во обата мита таа е некако директно поврзана со Тифон, во едниот случај како негова дадилка, во другиот како негов помошник во битката против Зевс.

### 3. 1. 5. Лернајската хидра

Зборот ὕδρα претставува уште еден термин што во јазикот означува змија, конкретно „водна змија"[45]. Во митологијата, овој збор

[45] Cf. *GEL*: **ὕδρα**, Ion. ὕδρη, ἡ, (cf. ὕδωρ) water-serpent, but esp. of the Lernaean hydra, Hes. *Th*. 313, S. *Tr*. 574,836 (lyr.), 1094; Ὕδραν τέμνειν, prov. of labour in vain, because two heads sprang up for every one which was cut off, Pl. *R*. 426e: pl., but still with reference to the Lernaean hydra, E. *Heracl*. 950, Ph.[1136]: prov., ὕδρης ποικιλώτερος Herod. 3.89 (ἐπὶ τῶν δολερῶν Diogenian. 7.69).

посебно се однесува на митолошко чудовиште, огромна повеќеглава водна змија, која живеела во мочуриштето Лерна.

Лернајската хидра е едно од чедата на чудовиштата Тифон и Ехидна, а била одгледана од божицата Хера (Hes. *Th.* 313–314). По заповед на Хера, втората задача што кралот Еврисшеј му ја наложил на Хераклеа била да ја убие лернајската хидра, со надеж дека самиот ќе загине од неа. Отровот на оваа змија бил толку силен што се вели дека дури и со здивот убивала луѓе (Hyg. *Fab.* 30.3). Некои велат дека имала педесет или сто глави (Ov. *Met.* 9.71), но најчесто се вели дека имала девет, од коишто средната била бесмртна (Apollod. *Bibl.* 2.5.2; Hyg. *Fab.* 30.2). Точниот број на главите, всушност, и не е толку важен, бидејќи не е статичен – колку глави и да се вели дека имала на почеток, на местото на секоја отсечена глава растеле две нови. На крајот, Хераклеа со помош на Јолај успева да ја убие хидрата – со запалени стебла веднаш ги горат местата на отсечените глави и со тоа спречуваат тие повторно да никнат. Последната, бесмртната глава на хидрата Хераклеа ја поклопува со голем камен, а во жолчката на хидрата ги натопува стрелите. Оттогаш овие смртоносни отровни стрели стануваат главното оружје на Хераклеа. Но, на крајот и самиот поради измама умира од овој отров[46].

Од причина што самото име на ова чудовиште означува змија (водна), авторите кон лернајската хидра ретко реферираат со други зборови што се однесуваат на змија (како δράκων, δράκαινα, ὄφις, ἔχιδνα итн.). Единствено Софоклеа на едно место (*Tr.* 834), мислејќи на хидрата, преносно ја нарекува со зборот δράκων: „προστακέντος ἰοῦ, / ὃν τέκετο θάνατος, ἔτρεφε δ᾽ αἰόλος **δράκων**, / πῶς ὅδ᾽ ἂν ἀέλιον ἕτερον ἢ τανῦν ἴδοι, / δεινοτάτῳ μὲν **ὕδρας** προστετακὼς φάσματι;“[47]. Овидиј, пак, веројатно metri causa, наместо hydra, во еден стих (Ov. *Met.* 9.69) ја нарекува со зборот echidna: „pars quota **Lernaeae** serpens eris unus **echidnae**?“

[46] S. *Tr.* 573–574, 833–837; Ov. *Met.* 9.158; Hyg. *Fab.* 34, 36.

[47] „И отров се разлеал, / што смртта го роди, го роди брзовија **змија**, / како тој сонце ќе види друго по ова, / во кого се впило / **хидриното** сениште страшно?“ (Софоклеа, *Трахинки* 833–837, препев Даница Чадиковска).

## 3. 2. Неколку митски чудовишта што имаат змиски дел во составот

Во следниот дел, накусо ќе разгледаме неколку позначајни митолошки чудовишта со мешана природа, во чијшто состав од повеќе различни животни редовно се јавува и змијата.

### 3. 2. 1. Тифон

По поразот на Титаните и на Гигантите, за да им се одмазди на боговите за заробувањето на нејзините деца, Гаја се спојува со Тартар, бездната на подземниот свет, и го раѓа нејзиното најмладо чедо, Тифоеј, Тифаон или Тифон, најмоќното и најопасното чудовиште во хеленската митологија. Речиси сите извори се согласуваат дека тој е роден од Гаја[48]. Единствено во Хомерската химна 3 до Аполон, се вели дека Тифаон го раѓа Хера по пат на партеногенеза, со цел да му се одмазди на Зевс, навредена што тој сам ја раѓа божицата Атена (*h. Hom. h. Ap.* 3.305–355). Иако по оваа верзија е син на Хера, божицата го раѓа откако најпрво им се моли на Гаја, Уран, Тартар и на другите титански божества да ѝ дадат син што ќе биде толку посилен од Зевс колку што Зевс бил од Кронос. Потоа го дава на делфиската змија (во песната неименувана δράκαινα) за таа да го одгледа.

Најстариот извор каде што се опишува изгледот на Тифаон е Хесиодовата *Теогонија* (823–835)[49]. Уште подетален опис на ова чудовиште се среќава во *Библиотека*[50]. Описите за изгледот кај различни автори варираат во однос на деталите, но сите се согласуваат околу тоа дека Тифон е огромно чудовиште, половина човек, половина ѕвер, има крилја и сто (или двесте) змиски глави од чиишто очи гори оган. Покрај неговата улога на дрзник што сака да завладее со небото, во митологијата е значаен и како татко на голем број чудовишта, коишто ги раѓа заедно со Ехидна.

---

[48] Hes. *Th.* 820–822; Apollod. *Bibl.* 1.6.3; Hyg. *Fab.* 152.

[49] В. погоре 1.3. Δράκων кај Хесиод и фуснота бр. 9.

[50] „Имал раце, едната долга до запад, а другата до исток и од секоја извирале по сто **змејски** глави (κεφαλαὶ **δρακόντων**). Под половината имал опашка на **змија** (**ἐχιδνῶν**) завиткана во огромни кругови која, кога ќе се оптегнела, му допирала до главата и испуштала гласно шиштење.“ (Аполодор, *Библиотека* 1.6.3).

Тифон тргнува во војна против олимпските богови со цел да го освои Олимп и да ја преземе власта на Зевс. Сите богови исплашени бегаат во Египет и, за да се прикријат, земаат облик на различни животни[51]. Единствено Зевс останува и, по долга битка, успева да го порази и да го зароби, некои велат во Тартар (Hes. *Th.* 868), некои под Етна на Сицилија (Apollod. *Bibl.* 1.6.3; A. *Pr.* 364–372).

**3. 2. 1. 1. *Chaoskampf***

Тифон претставува персонификација на разни деструктивни стихии: вулкани, бури, ветришта и други природни несреќи. По поразот на Тифон, Хесиод вели дека од него водат потекло лошите ветрови (Hes. *Th.* 869). Борбата на Зевс против Тифон е хеленска интерпретација на митот за војна на небесниот бог громовник против хтонско змиско чудовиште, кое го симболизира хаосот. Всушност, војната против Тифон е последната битка што Зевс ја војува пред да стане владетел на боговите и на целиот свет. Со излегувањето од оваа битка како победник, Зевс го уништува и последниот изблик на хаосот и со тоа го дава својот последен придонес во создавањето на космосот.

Оваа митска тема во теоријата е позната како Chaoskampf (војна со хаосот). Неколку позначајни индоевропски паралели претставуваат староиндискиот мит за богот Индра и неговиот противник, змискиот демон Вртра; потоа јунакот Феридун против демонот Ажи Дахак во иранската митологија; богот громовник Тару против змијата Илујанка во хетитската; Тор против чудовишната космичка змија Јормунганд во нордиската итн. Варијанти на овој мит се среќаваат и надвор од индоевропското јазично и културно наследство, всушност, речиси во сите светски култури. Така, во сумеровавилонската митологија, богот громовник Мардук ја убива чудовишната божица Тијамат и од нејзиното тело го создава светот[52]; во Јапонија, богот на бурата Сусано-Во ја убива змијата со осум глави и осум опашки Јамато-Но-Орочи; во Египет, пак, богот Сонце Ра, на неговото кружно патување, секоја ноќ војува против хтонската змија Апеп или Апофис во подземниот свет.

[51] Apollod. *Bibl.* 1.6.3.; Hyg. *Fab.* 196, Hyg. *Astr*. 2.28; Ov. *Met.* 5.319 и понатаму.

[52] *Enûma Eliš*, вавилонски космогониски еп.

Оваа митска тема е останата во традицијата и во подоцнежните народни преданија. Во јужнословенските народни верувања, змејот е претставен како небесен јунак громовник, којшто со молњи ја гони алата или ламјата, претставена како змијолика водна стихија. Со христијанизацијата, оваа улога од змејот е префрлена на громовникот св. Илија како гонител на ламјата[53].

**3. 2. 2. Ехидна**

Ἔχιδνα е уште еден збор што во старогрчкиот јазик означува змија, но, за разлика од другите зборови, има конкретно значење „змија отровница"[54], која раѓа живи млади, а не снесува јајца[55]. Именката поретко се сретнува во машки род, кој гласи ἔχις[56], а посведочен е и деминутивот ἐχίδιον, кој се однесува на млада змија од овој вид[57].

Во хеленската митологија, Ἔχιδνα е лично име на женско чудовиште. Митолошката Ехидна има тело на млада и убава жена од половината нагоре, но, наместо нозе, од половината надолу има змиски опаш. Според Хесиод, таа е ќерка на титанските морски божества Кето и Форкин (Hes. *Th.* 295 и натаму ), а според Аполодор,

---

[53] *Зборник народни песни*, Црковни песни, 40 „Свети Илија и девет ламии".

[54] Cf. *GEL*: **ἔχιδν-α**, ἡ, (ἔχις) *viper*, Hdt. 3.108, S. *Tr*. 771, Pl. *Smp*. 218a, etc.; prob. of a constrictor snake, Act. *Ap*. 28.3: metaph., of a treacherous wife or friend, A. *Ch*. 249, S. *Ant*. 531; ἱματισμένη ἔ., of woman, Secund. Sent. 8; γεννήματα ἐχιδνῶν brood of vipers, term of reproach, in Ev.Matt. 3.7.; pr. n. of a monster, Hes. *Th.* 297, S. *Tr*. 1099.

[55] Во иста смисла како латинскиот vipera, за којшто една од можните етимологии е **vivo-para*, 'живоротка', од vivus и pario. В. *EDL*, под *vipera*.

Arist. *HA* 490b.24, *Ἀλλ' οἱ μὲν ἄλλοι ᾠοτοκοῦσιν ὄφεις, ἡ δ' ἔχιδνα μόνον ζῳοτοκεῖ.*; Hdt. *Hist.* 3.108–109.

[56] Cf. *GEL*: ἔχῐς [Nic. *Th*. 223, -ῑ̆ς metri gr. IG2.1660], εως, ὁ (ἡ Opp.C.3.439), gen. pl.ἐχεων Pl. *Euthd*. 290a: gen. sg. ἔχιος Nic.*Th*. 130: pl., dat. ἐχίεσσι ib.826; gen. ἐχίων ib.653; acc. ἔχιας ib.9, but ἔχεις Thphr. *Char*. 1.7:—*viper*, Pl. *Smp*. 217e, Arist. *HA* 511a16, etc.: metaph., συκοφάντης καὶ ἔ. τὴν φύσιν D. 25.96; ὥσπερ ἔ. ἢ σκορπίος ἠρκὼς τὸ κέντρον ib.52; cf. ἔχιδνα.

[57] Ibid. ἐχίδιον, τό, A. *young viper*, Arist. *HA* 558a29 (v.l. ἐχίδνιον); cf. ἐχείδιον.

на Гаја и Тартар (Apollod. *Bibl.* 2.1.2). Ехидна живее во пештера во аримската земја (Hes. *Th.* 304) (каде што според Хомер се наоѓаат и леглата на Тифон, Hom. *Il.* 2.783) и оттаму излегува и ги грабнува минувачите (Apollod. *Bibl.* 2.1.2).

Во митологијата е позната како мајка на голем број чудовишта (Hes. *Th.* 306–332). Најпрво, со Тифон ги раѓа Орт (двоглавиот пес на Герион), Кербер (песот од подземниот свет), лернајската хидра, Химајра, Сфинга (кај Хесиод наречена Фика) (Hes. *Th.* 326), а потоа од Орт го раѓа и немејскиот лав (Hes. *Th.* 327). Според некои автори, покрај овие чудовишта, од Ехидна и Тифон водат потекло уште и змијата чувар на златните јаболка на Хесперидите (Apollod. *Bibl.* 2.5.11; Hyg. *Fab.* 151), орелот што го клука дробот на Прометеј (Apollod. *Bibl.* 2.5.11), кромионската свиња (Apollod. *Epitome* 1.1), змијата чувар на златното руно во Колхида, Скила и Горгон (Hyg. *Fab.* 151). Според Аполодор, Ехидна на спиење била уловена и убиена од Аргос (наречен πανόπτης, 'којшто гледа сè', бидејќи имал очи по целото тело), Apollod. *Bibl.* 2.1.2.

**3. 2. 3. Химајра**

Иако името на ова чудовиште едноставно означува 'коза'[58], митолошката Химајра има мешана природа од три различни животни: „Предниот дел ѝ бил на лав, имала опашка на змија (δράκοντος), а од трите глави, средната ѝ била на коза и од неа извирал оган" (Аполон, *Библиотека* 2.3.1). Хесиод вака ја опишува, нарекувајќи го нејзиниот змиски дел на два начина:

[58] Cf. *GEL*: **χίμαιρ-α** [ῐ], ή, she-goat, *Il*. 6.181, Hes.*Th*. 322, PCair.Zen. 576.3 (iii B. C.); sacrificed before battle to Ἄρτεμις Ἀγροτέρα, A. *Ag*. 232 (lyr.), X. *An*. 3.2.12, *HG* 4.2.20, Lac. 13.8; θαλλὸν χιμαίραις προσφέρων S. *Fr*. 502; a young she-goat (cf. χίμαρος), Arist. *HA* 523a1; χ. ἐξ αἰγῶν kid, LXX Le. 4.28,29.

**χίμᾰρος** [ῐ], ὁ, he-goat, Ar. *Eq*. 661, Schwyzer784a1 (Tenos, iv B. C.), Theoc. *Ep*. 4.15, AP 6.190.10 (Gaet.): a young he-goat, older than ἔριφος, Ar. Byz. ap. Eust. 1625.33; χ. ἐξ αἰγῶν kid, LXX Le.4.23; χ. ἐρυθρός Berl.Sitzb.1927.156 (Cyrene).

fem. = **χίμαιρα**, Theoc. 1.6, Epigr. 6.3, AP 6.157 (Theodorid.), 9.403 (Maec.). (Cogn. with χεῖμα, χειμών, lit. 'one winter old', cf. Lat. bīmus (fr. *b[icaron]-h[icaron]mus, cf. Skt. himás 'winter').).

τῆς δ᾽ ἦν τρεῖς κεφαλαί: μία μὲν χαροποῖο λέοντος,
ἡ δὲ χιμαίρης, ἡ δ᾽ **ὄφιος**, κρατεροῖο **δράκοντος**,
[πρόσθε λέων, ὄπιθεν δὲ **δράκων**, μέσση δὲ χίμαιρα,
δεινὸν ἀποπνείουσα πυρὸς μένος αἰθομένοιο.][59]

Химајра е родена од Тифон и Ехидна, а ја одгледал Ликиецот Амисодар (Hom. *Il.* 16.328 и понатаму; Apollod. *Bibl.* 2.3.1). Неа ја убил Белерофонт, јавајќи на крилестиот коњ Пегас.

Се претпоставува дека сликата за Химајра всушност потекнува од митологизиран приказ на вулканска планина што се наоѓала во Ликија, претставена како огромно чудовиште што од устата блуе оган (Plin. *HN* 2.106; Str. 14.3.5).

## 3. 3. Сумирано – општи карактеристики на змијата во митологијата

Од досега кажаното, може да го изведеме следниот заклучок: змијата во хеленската митологија често е прикажувана со натприродни атрибути. Пред сè, митолошките змии најчесто се чудовишно огромни. Некогаш имаат повеќе глави, а сосема ретко се јавуваат и крилести змии. Во физичкиот изглед на ваквите чудовишни змии некогаш може да се јават и други фантастични карактеристики како три јазици, заби во три реда, кукул[60], бронзени крлушки итн. Овие змии во митот секогаш претставуваат чудовиште што треба да биде победено од страна на некој бог или херој, препрека што херојот треба да ја помине со цел да ја изврши својата задача. Сепак, ваквите митски змии не се нарекувани со некој посебен збор, за нив во јазикот не се употребува некое посебно име или термин, туку се нарекувани различно со општите термини δράκων и ὄφις во старогрчки-

[59] Hes. *Th.* 321–324, (се смета дека стиховите 323 и 324 се интерполација од *Илијада*, 16.181–182).

[60] Иако во науката не е познато за постоење на змии со кукул или кикиришка во природата, митолошките змии, од не докрај разјаснети причини, често се прикажувани со ваков атрибут на главата (особено во вазното сликарство, а подоцна сè повеќе и во книжевноста). Покрај тоа, речиси секогаш кога се претставени со кукул на главата, под долната вилица имаат и нешто налик на брада. Повеќе во врска со ова: Ogden (2013), 157 и понатаму.

от, а во латинскиот со автохтоните латински зборови serpens и anguis, како и со грцизмот draco (-onis). Следствено, самиот збор δράκων (лат. draco) не се однесува на посебно митолошко суштество како што се, на пример, Горгоните, Киклопите или Кентаврите. Овој збор се јавува паралелно покрај ὄφις и кога се означува змиска форма или дел во состав на митолошко суштество составено од повеќе животни, како Химајра и Тифон. Покрај тоа, вреди да се спомене уште и тоа дека, во митологијата, со зборови изведени од именката δράκων може да се означат и змиските коси на суштества како Горгоните[61] и Ериниите[62]. Од друга страна, поконкретните старогрчки поими ὕδρα и ἔχιδνα во митологијата не се употребуваат со општото значење како δράκων и ὄφις, туку само како лични имиња на две конкретни митолошки чудовишта.

## 4. Митски слики поврзани со змијата во хеленската митологија

Во овој дел, накусо ќе разгледаме неколку митски слики поврзани со змијата во хеленската митологија, како разните појави на нејзиниот хтонски карактер, змијата во улога на чувар, нејзината врска со пророчката дарба и со бесмртноста.

### 4. 1. Разни појави на хтонскиот карактер на змијата во митологијата

Бидејќи постојано се движи помеѓу подземниот и надземниот свет, змијата може да се смета за врска помеѓу овие два света. Од таа

[61] „καὶ ποικίλον κάρα **δρακόντων** φόβαισιν ἤλυθε νασιώταις λίθινον θάνατον φέρων“ (Pi. *P.* 10.47).

„**δρακοντόμαλλοι** Γοργόνες βροτοστυγεῖς“ / „**Змијокоси** Горгони човекомразни“ (Ајсхил, *Прикованиот Прометеј* 799, препев Михаил Д. Петрушевски).

[62] „φαιοχίτωνες καὶ πεπλεκτανημέναι
πυκνοῖς **δράκουσιν**: οὐκέτ᾽ ἂν μείναιμ᾽ ἐγώ.“
„...во црни ризи. Коси испреплетени
Со многу **змии**. Веќе не би останал.“
(Ајсхил, *Орестија. Надгробно жртвување* 1050, препев Даница Чадиковска).

причина, змијата во митологијата секогаш е врзана за земјата[63], за хтонското, во секоја смисла на хтонската природа – и како „надземно“ и како „подземно“ суштество. Во тој аспект, се јавува и во функција на чувар на полињата, нивите и лозјата, со добра причина, бидејќи змијата се храни со глодачи, кои инаку би се хранеле со житото. Во оваа функција на минорно божество на плодноста, во хеленската митологија, две змии ја влечат крилестата кола на божицата Деметра, а и самите змиски заби претставуваат семе од кое се раѓа живот. Змијата како демон на плодноста се гледа на видни ликовни претстави во римскиот ларариум, жртвеник во римската куќа посветен на ларите, божества заштитници на домашното огниште[64] (сл. 9 и 10).



**Сл. 9. Ларариум, Помпеја, 79 н.е.**
**(https://commons.wikimedia.org/wiki/File:Lararium,_Pompeji.JPG)**

[63] Всушност, и самиот збор „змија“ во македонскиот и во другите словенски јазици доаѓа од нуловиот степен на коренот што означува „земја“. Во однос на различните значења и етимологијата на „змија“ и „змеј“ в. *EDSIL*, како и *БЕР*.

[64] Ова се согласува со јужнословенските верувања за „змија стопан“ или чувар на домот. В. Стојковска (2004); Бодирогић (2010); Зечевић (1981).



**Сл. 10. *Л*ararиум, Помпеја, "House of the Vettii", втора половина на 1 век н.е. (https://en.wikipedia.org/wiki/File:Casa_dei_Vettii_-_Larario.jpg#filelinks)**

Змиите во митологијата неретко ги раѓа самата Земја (на пример, делфиската змија, чуварот на руното во Колхида, крилестите змии на Медеја итн.). И другите митолошки суштества и ликови што се родени или никнати од земја речиси секогаш имаат некаков змиски облик во состав на телото, или, пак, нивната директна врска со земјата е на некој друг начин прикажана преку некаква врска со змијата. Ваквите синови на земјата можат да се јават и во функција на автохтони кралеви и херои, како и во функција на хтонски чудовишта.

### 4. 1. 1. Синови на земјата – кралеви и херои

Како што веќе споменавме, првите митски кралеви на градот Атина се родени од земја и се претставувани со змиски опаш наместо нозе. Кон оваа слика може да се приклучи и митот за војниците што никнуваат од земја од змиските заби. Петмина преживеани од „Посеаните" заедно со Кадмо го основаат градот Теба. Во обата мита лежи истата идеја: парчето земја каде што е основан градот им припаѓа токму ним, бидејќи не се доселени отстрана, туку самите

водат потекло од таа земја. Змискиот дел во телото, кај едните, и генезата од змиски заби, кај другите, дополнително укажуваат на нивната автохтоност и поврзаност со земјата.

### 4. 1. 2. Синови на земјата – Гиганти и хтонски чудовишта

Митската слика на раѓање од земја се среќава и кај Гигантите, коишто се синови на Гаја и подоцна се претставувани со змии наместо нозе (Apollod. *Bibl.* 1.6.1; Ov. *Met.* 1.190), особено во подоцнежните ликовни претстави на Гигантомахијата (сл. 11 и 12). Змиските нозе кај нив ја симболизираат нивната нераздвојност од земјата. Тие се родени од земјата и врзани за неа, и со својот хтонски карактер не се достојни да стигнат до Олимп и да завладеат со небото.




**Сл. 11. Гигантомахија, релјеф од хеленистичкиот период, околу 2 век. п.н.е. Гигантите се претставени со змии наместо нозе. (https://www.theoi.com/Gallery/R43.1.html)**

Поврзаноста на змијата со земјата се гледа и во другиот аспект на хтонската природа, во врската со подземниот свет. Чудовиштата што припаѓаат на подземјето често имаат змиски дел во составот: според некои описи, песот Кербер има опаш на змија и грива составена од змии на грбот (Apollod. *Bibl.* 2.5.12). Ериниите, подземните божици одмазднички, родени од капките крв на Уран (Небо) паднати на Земјата, имаат змии во косите (Hes. *Th.* 182–185). Тифаон е исто така роден од божицата Земја и како хтонско чудовиште има сто змиски глави и змиски опаш наместо нозе.



**Сл. 12. Гигантомахија, римски мозаик, околу 320 н.е. Гигантите се претставени со змии наместо нозе.**
**(https://www.theoi.com/Gallery/Z43.1.html)**

## 4. 2. Змијата како чувар на богатство

Во митовите, змијата често се јавува како чувар на некое место или на некакво богатство. Во митот за Кадмо, змија го чува изворот на Арес; во Колхида, огромната змија е поставена како чувар на златното руно во лагот; змијата Питон (или Делфина) го чува пророчиштето во Делфи; а на далечниот запад, во градината на Хесперидите, повеќеглава змија ја чува јаболкницата со златни јаболка. Оваа митска слика на змија што чува дрво во градина може да се спореди со библиската слика на змијата во Едемската градина[65], како и со хтонската чудовишна змија Нидхог, којшто во нордиската космологија демне во подземјето и ги нагризува корењата на космичкото дрво Игдрасил[66].

Доцноантичкиот автор Филострат (Постариот) од Лемнос во описот на слика од некој остров, во врска со змијата и чувањето богатство, дава ваков коментар:

[65] Свето писмо, Стар завет, Битие.

[66] Snorri Sturluson, 2005.

„Ова островско брдо е дом на змија (δράκων), претпоставувам, чувар на некакво богатство што лежи под земјата. Велат дека овој ѕвер е наклонет кон златото и, што и да види златно, го сака и го негува; така, руното во Колхида и јаболката на Хесперидите, бидејќи изгледале како да се златни, две змии (δράκοντε) што никогаш не спиеле ги чувале и ги сметале за свои. И змијата (δράκων) на Атена, којашто дури и сега живее во Акропол, ми се чини дека го сака народот на Атина поради златото од коешто тие прават шноли во облик на штурци за косите. Овде[67] и самата змија (δράκων) е од злато и ја вади главата од дупката во страв, претпоставувам, за богатството скриено долу“ (Philostr. *Im.* 2.17.6).

Во народните приказни и верувања на повеќе култури, змиите често се претставувани како чувари на извори или богатства. На пример, во македонските народни песни и приказни, различни змии чуваат некаков извор или бунар и никому не му даваат вода[68]. Ламјата, како чудовиште со облик на змија, често е чувар на богатство скриено во пештера[69]. Во нордиската митологија, во *Volsunga saga*, алчниот Фафнир се претвора во огромна отровна змија (или змеј) за да го зачува своето проколнато богатство. Веројатно е дека змијата се јавува како чувар почесто од други ѕверови, од истата причина од каде што во старогрчкиот јазик потекнува и нејзиното име. Благодарение на одликата дека никогаш не заспива и со погледот постојано будно следи, змијата никогаш нема да го испушти од вид она што треба да го дочува.

### 4. 3. Змијата и пророчката вештина

Освен како чувар и љубител на злато, змијата во митологијата се јавува и како чувар на тајни знаења, па се врзува и со пророчката вештина. Во Делфи, „утробата“ на земјата, змијата (Делфина или

[67] Авторот опишува слика на која се претставени различни острови, каде што змијата претставена на сликата на овој остров е изработена од злато.

[68] *Зборник народни песни*, Јуначки песни, „Седум кралеви шетает земја по краина“.

[69] На пример „Ламјата што му дааше на еден чоек секое утро по еден бесценет камен“, Цепенков, М. К., *Македонски народни приказни*, книга прва.

Питон) го чува најпосетуваното пророчиште во Хелада, а според некои и самата пророкува, пред да биде убиена од Аполон. Потоа, Аполоновата пророчица, наречена Питија според името на змијата, од пророчиштето пророкува вдишувајќи испарувања што доаѓаат од пукнатините на земјата, од земјината „утроба" (в. погоре 3. 1. 4. Питон или Делфина – змијата чувар на Делфиското пророчиште).

За пророкот Мелампод се вели дека змии му ги чистеле ушите со јазици, па така го разбрал говорот на птиците и стекнал пророчка дарба. Според Аполодор: „Овој (Мелампод) живеел во поле, а пред неговото живеалиште растел даб во кој се наоѓало гнездо на змии (ὄφεων). Слугите ги убиле змиите (ὄφεις), а тој насобрал дрва и ги изгорел. Младите змии (ὄφεων), пак, ги одгледал. Кога пораснале, тие му лазеле по рамењата додека тој спиел и му ги чистеле ушите со јазиците. Штом се разбудил, се преплашил, но го разбрал говорот на птиците што го надлетувале. Потоа, според она што ќе го научел од нив им ја претскажувал иднината на луѓето" (Аполодор, *Библиотека* 1.9.11).

Една верзија на митот за Тејресија вели дека пророкот, откако два пати видел две змии како се парат и два пати го променил полот (од маж во жена, па повторно во маж), бил ослепен од Хера, но Зевс му ја дал пророчката вештина (Ov. *Met.* 3.320–339; Apollod. *Bibl.* 3.6.6). По друга верзија, тој бил ослепен од Атена, но потоа божицата му ги исчистила ушите и направила да го разбира говорот на птиците (Apollod. *Bibl.* 3.6.6). Во првата верзија, змиите не се експлицитно поврзани со добивањето на пророчката вештина, а во втората, пак, воопшто и не се споменуваат змии, но двете различни верзии можат да се споредат со приказната за Мелампод и стекнувањето пророчка вештина, едната преку посредната улога на змиите, а другата преку разбирањето на говорот на птиците.

Во нордиската митологија, херојот Сигурд, откако го убива змејот (или змијата) Фафнир, го готви неговото срце на оган. Допирајќи го змиското срце со прст за да провери дали е зготвено, случајно се изгорува и го става прстот в уста, па така го разбира говорот на птиците. Овој мотив се среќава и во македонските народни приказни: човек спасува змија од пожар, а таа во знак на благодарност му плукнува под јазик и прави да ги разбира јазиците на сите живот-

ни[70]. Слично, Филострат вели дека Индијците го разбираат јазикот на животните доколку изедат срце или дроб од δράκων[71].

### 4. 4. Змијата и бесмртноста

Како што видовме, летечката кола на Медеја ја влечат две змии. Според Овидиј, кога таа летајќи на колата бере разни магиски билки за да му ја врати младоста на Јасоновиот татко Ајсон, двете крилести змии, само од вдишаниот мирис од билките, ја отфрлаат старата кожа и се „подмладуваат“ (Ov. *Met.* 7.233–236).

За богот заштитник на исцелителската вештина Асклепиј се вели дека „ја добил од Атена крвта што бликнала од жилите на Горгона Медуса, па онаа крв што се пролеала од жилите на нејзината лева страна тој ја употребувал за умртвување на луѓето, додека крвта што се излеала од жилите на десната страна, ја употребувал за нивно спасување, и затоа можел да ги враќа во живот умрените“ (Аполодор, *Библиотека* 3.9.3).

Еден мит вели дека пророкот Полиид бил повикан да го врати во живот Главк, починатиот син на кралот Минос. Додека седел затворен покрај трупот, видел како кон телото на момчето се приближува змија, па во страв ја убил. По кратко време, дошла друга змија и со помош на некаква тревка ја оживеала првата. Користејќи ја истата тревка што ја научил од змијата, Полиид успеал да го оживее Главк. Овие две змии Аполодор ги нарекува со зборот δράκων (Apollod. *Bibl.* 3.3.1), а Хигин во *Fabulae* истовремено со зборовите draco и serpens (Hyg. *Fab.* 136.6). Во *De astronomia*, пак, Хигин ова дело му го припишува на Ајскулапиј (Асклепиј), нарекувајќи ги змиите со терминот anguis (Hyg. *Astr.* 2.14 Ophiuchus), или, пак, некаде вели дека Ајскулапиј на истиов начин го вратил во живот Хиполит (Hyg. *Astr.* 2.14; Hyg. *Fab.* 49). Доцноантичкиот автор Нон пренесува слич-

[70] На пример: приказна 84 „Дрварот што разбираше јазиците на животинките“ и приказна 85 „Очите чоечки со ништо не се наситуаат. Овчарчето што ја изваде змијата од огно и што му плукна в уста да знаи секакви јазици што го најде азното од крала Богдана“, Цепенков, op. cit.

[71] „λέγονται δὲ καὶ ζῴων ξυνιέναι φθεγγομένων τε καὶ βουλευομένων σιτούμενοι δράκοντος οἱ μὲν καρδίαν, οἱ δὲ ἧπαρ.“ (Philostr. *VA* 3.9.5).

на приказна со сосема други митски ликови (Nonnus, *Dionysiaca* 25.452 и натаму).

Оваа митска слика се среќава уште во сумерскиот еп за Гилгамеш. Херојот успева да ја најде тревата што дава вечен живот, но, додека тој се капе во езеро, една змија ја сетува тревата по мирисот и му ја зема. Така, наместо човекот, змијата ја дознава тајната на бесмртноста[72].

Можеме да забележиме дека, во хеленската митологија, змиите со ваква симболика често се јавуваат во некаква двојност. Во неколку приказни, една змија враќа друга во живот; двете змии што ја влечат колата на Медеја исто така се регенерираат; едната половина од крвта на Горгона Медуса, којашто е чудовиште со змиски обележја, има моќ да умртвува, а другата да оживува мртви. Митска слика на две змии се јавува и на други места: Тејресија ја добива пророчката дарба од Зевс откако два пати гледа две змии како се спаруваат[73]; слично, Меркур (Хермес) со својот жезол разделува две змии што се борат, и оттогаш тие се наоѓаат како симбол на жезолот на богот (κηρύκειον, caduceus), Hyg. *Astr.* 2.7 Lyra. Како хтонски суштества поврзани со плодноста, две змии ја влечат колата на Деметра; од друга страна, љубоморната Хера му испраќа две отровни змии во колевката на малиот Херакле итн.

---

[72] „Змија една мирисот на тревата го сети,
Се довлече и тревата ја зеде.
Гилгамеш се врати и змијата ја проколна.
Седна и заплака,
Солзи низ лицето му течеа.
Ур-Шанаби, бродарот, в очи го погледна:
'За кого се трудеа моите раце, Ур-Шанаби?
За кого капки крв моето срце лееше?
Се трудев, но тоа мене
Ништо добро не ми донесе.
За црвот што в земја лази
Добро сторив!
Нему тајната му е знајна, тој тревата на животот ја зеде.'"
(*Гилгамеш. Сумерски еп*, единаесетта плоча, препев Михаил Ренџов).

[73] Apollod. *Bibl.* 3.6.7 (двете змии се наречени **ὄφεις**); Hyg. *Fab.* 75 (двете змии се наречени **dracones**); Ov. *Met.* 3.316–338 (325 **serpentum** / 330 **anguibus**).

Бесмртноста на змијата се врзува со својството на разни магиски билки, токму поради хтонскиот карактер на змијата. Змијата се раѓа од самата земја и, оттука, исто како вегетацијата, и змијата го има тоа својство постојано да се преродува и обновува. Можеби токму сликата на две змии ја симболизира двојната природа на змијата, која во митологијата се јавува не само како страшно и опасно чудовиште што треба да биде победено од херојот туку и како божествено суштество поврзано со плодноста, кое ја знае тајната на вечниот живот и може да го дарува човекот со пророчка дарба.

## 5. Δράκων како посебен вид ὄφις

### 5. 1. Δράκων кај Аристотел

Видовме дека кај постарите автори δράκων нема поспецификна семантика од ὄφις. Веројатно за прв пат добива малку поспецифично значење кај Аристотел, во *Историја на животните* (Historia animalium).

Во овој текст, Аристотел го користи зборот δράκων на неколку места. Најпрво, набројувајќи разни видови риби, во листата споменува еден вид риба што го носи името δράκων (Arist. *HA* 598a). Понатаму, сè уште зборувајќи во врска со рибите, вели: „Οἱ δὲ γλάνεις ἐν τοῖς βραχέσι καὶ ὑπὸ **δράκοντος τοῦ ὄφεως** τυπτόμενοι ἀπόλλυνται πολλοί“. „Сомовите[74] во плиткото се уништувани од змијата *дракон* и гинат во голем број“ (Arist. *HA* 602b). Синтагмата δράκοντος τοῦ ὄφεως буквално би се превела како „*дракон* од змијата“, или поточно, смислата би била „видот змија наречен *дракон*“. Веројатно е дека на ова место Аристотел потенцира δράκοντος *τοῦ ὄφεως* токму од таа причина за да појасни дека не станува збор за видот риба наречен δράκων, туку за видот змија. Како вид змија го споменува

[74] Вид сом познат под научното име Silurus. Cf. *GEL*:

**γλάνις** [ᾰ], ὁ (ἡ Paus. 4.34.2), or **γλαν̆ίς** (Hsch., also expld. as, = ἀργός), gen. ιδος Ephipp. 12.1, Mnesim. 4.32; γλάνιος (v.l. γλάνεως) Arist. *HA* 568b22, al.: acc. γλάνιν AB88: pl. γλάνεις, οἱ, Arist. *HA* 602b24; γλάνιδες Archipp. 26; γλάνιες Matro Conv.80:—**sheat-fish, Silurus**, esp. **Parasilurus Aristotelis**, Arist. *HA* 568a25, etc.:—also **γλάνιος**, ὁ, Hdn.Gr. 1.94, Gloss.

уште на две други места[75]. Според ваквата употреба, можеме да заклучиме дека Аристотел под δράκων подразбира посебен вид змија, односно δράκων е еден вид (εἶδος) од родот (γένος) на змијата. Оттука, следува дека терминот δράκων има попрецизна семантика од ὄφις.

Аристотел не дава дополнителни податоци ниту во однос на големината, ниту во однос на изгледот, па од таа причина не е сосема јасно на каков вид на змија мисли под δράκων. Во *GEL* се изнесува претпоставка дека кај Аристотел овој збор се однесува на некој вид на водна змија, веројатно поради тоа што Аристотел го споменува како вид змија што во водата се храни со некој вид на рибата сом[76].

## 5. 2. Δράκων кај подоцнежните антички автори

Доцноантичките хеленски и римски автори, како Плиниј Постариот, Филострат Атињанинот и Ајлијан, зборуваат за δράκων (draco) како посебен вид змија што живее во егзотични краишта на земјата. За овие змии тие велат дека растат до неверојатна големина.

### 5. 2. 1. Плиниј Постариот

Римскиот автор Плиниј (Постариот), којшто пишува во II век н. е., во *Naturalis Historia* зборува за draco како вид змија што живее во Индија и Ајтиопија. Плиниј не дава некој посебен опис за изгледот на овој вид змија, но кажува дека оние во Ајтиопија се долги дваесет лакти (помеѓу девет и десет метри), а сепак се помали од оние во Индија, коишто се толку големи што ги напаѓаат слоновите и со телото се обвиткуваат околу нив (Plin. *Nat.* 8.12–16).

### 5. 2. 2. Филострат

Филострат Атињанинот, во *Животот на Аполониј Тијански* (*Τὰ ἐς τὸν Τυανέα Ἀπολλώνιον*, дело од III век н. е.), зборува за постоење на големи змии во Индија. Овие змии ги нарекува δράκοντες и вели

[75] „Ἔστι δ' ἀετὸς καὶ **δράκων** πολέμια· τροφὴν γὰρ ποιεῖται τοὺς **ὄφεις** ὁ ἀετός“, Arist. *HA* 609a4.

„Ὁ δὲ **δράκων** ὅταν ὀπωρίζῃ, τὸν ὀπὸν τῆς πικρίδος ἐκροφεῖ, καὶ τοῦθ' ἑώραται ποιῶν.“, Arist. *HA* 612a30.

[76] Cf. *GEL* под δράκων (види фуснота бр. 3).

дека има неколку различни вида, од кои едни живеат во мочуриштата, други во брдата и полињата, а трети во планините.

За оние што живеат во мочуриштата вели дека растат и до должина од триесет лакти (околу четиринаесет метри). Од овој вид, ниту мажјаците ниту женките (коишто ги нарекува со женскиот род δράκαιναι) немаат кукул. Грбот им е црн и имаат помалку крлушки од другите видови[77].

Од видот што живее на брдата и полињата, возрасните змии на главата имаат црвен кукул и назабен грб. Имаат и бради, а крлушките им светкаат како сребро. Во зениците имаат огнен камен[78].

Планинскиот вид има златни крлушки и златна брада. По должина се поголеми од полскиот вид, имаат истакнати веѓи, и очите им се наоѓаат подлабоко под веѓите. Имаат кукул со јако црвена боја, и од него гори оган. На главата имаат скапоцени камења во разни бои[79].

**5. 2. 3. Ајлијан**

Ајлијан, римски современик на Филострат, којшто пишува на грчки јазик, во *Природата на животните* (*De Natura Animalium*), во врска со δράκων главно ги следи Плиниј и Филострат и вели дека овие змии ги има во Ајтиопија, Фригија и Индија. Според Ајлијан,

[77] „οἱ μὲν δὴ ἕλειοι νωθροί τέ εἰσι καὶ τριακοντάπηχυ μῆκος ἔχουσι καὶ κράνος αὐτοῖς οὐκ ἀνέστηκεν, ἀλλ' εἰσὶ ταῖς **δρακαίναις** ὅμοιοι, μέλανες δὲ ἱκανῶς τὸν νῶτον καὶ ἧττον φολιδωτοὶ τῶν ἄλλων.“ (Philostr. *VA* 3.6).

[78] „τούτοις καὶ λοφιὰ φύεται νέοις μὲν ὑπανίσχουσα τὸ μέτριον, τελειουμένοις δὲ συναυξανομένη τε καὶ συνανιοῦσα ἐς πολύ, ὅτε δὴ πυρσοί τε καὶ πριόνωτοι γίγνονται. οὗτοι καὶ γενειάσκουσι καὶ τὸν αὐχένα ὑψοῦ αἴρουσι καὶ τὴν φολίδα στίλβουσι δίκην ἀργύρου, αἱ δὲ τῶν ὀφθαλμῶν κόραι λίθος ἐστὶ διάπυρος, ἰσχὺν δ' αὐτῶν ἀμήχανον εἶναί φασιν ἐς πολλὰ τῶν ἀποθέτων.“ (Philostr. *VA* 3.7).

[79] „οἱ δὲ ὄρειοι **δράκοντες** τὴν μὲν φολίδα χρυσοῖ φαίνονται, τὸ δὲ μῆκος ὑπὲρ τοὺς πεδινούς, γένεια δὲ αὐτοῖς βοστρυχώδη, χρυσᾶ κἀκεῖνα, καὶ κατωφρύωνται μᾶλλον ἢ οἱ πεδινοὶ ὄμμα τε ὑποκάθηται τῇ ὀφρύι δεινὸν καὶ ἀναιδὲς δεδορκός, ὑπόχαλκόν τε ἠχὼ φέρουσιν, ἐπειδὰν τῇ γῇ ὑποκυμαίνωσιν, ἀπὸ δὲ τῶν λόφων πυρσῶν ὄντων πῦρ αὐτοῖς ἄττει λαμπαδίου πλέον.[...] ἀποκεῖσθαι δέ φασιν ἐν ταῖς τῶν ὀρείων **δρακόντων** κεφαλαῖς λίθους τὸ μὲν εἶδος ἀνθηρὰς καὶ πάντα ἀπαυγαζούσας χρώματα, τὴν δὲ ἰσχὺν ἀρρήτους κατὰ τὸν δακτύλιον“ (Philostr. *VA* 3.8).

во Ајтиопија се наоѓаат најголемите змии од овој вид, долги дури педесет метри (τριάκοντα ὀργυιὰς), Ael. *NA* 2.21. За овие во Ајтиопија, како и за оние во Индија, Ајлијан го пренесува истиот податок што се наоѓа кај Плиниј, дека ги напаѓаат слоновите (Ael. *NA* 6.21). Во врска, пак, со оние во Фригија, кои се наоѓаат кај реката Риндак, вели дека се долги околу 18 метри (δέκα ὀργυιάς) и, во средината на летото, секојдневно излегуваат од леглата, го креваат вратот високо и со здивот како со магија привлекуваат птици за храна (Ael. *NA* 2.21). Покрај овие податоци, Ајлијан не споменува ништо друго во врска со изгледот на овие змии.

Значи, кај доцноантичките автори, δράκων претставува огромна змија што живее во Индија, Ајтиопија и Фригија. Судејќи по овој факт, иако Аристотел во *Историја на животните* не дава никакви информации во однос на видот змија што тој го нарекува δράκων, би можеле да изнесеме претпоставка дека и кај него се работи за некаков вид голема змија.

Покрај ова, интересно е да се спомене и описот што во Аполодоровата *Библиотека* се среќава за трогласиот пес Кербер: „εἶχε δὲ οὗτος τρεῖς μὲν κυνῶν κεφαλάς, τὴν δὲ οὐρὰν **δράκοντος**, κατὰ δὲ τοῦ νώτου παντοίων εἶχεν **ὄφεων** κεφαλάς“[80]. Значи, Кербер има три кучешки глави, заден дел или опаш како δράκων, а на грбот има грива со глави од παντοίων ὄφεων. Зборот παντοῖος значи ‘разен, разновиден, секаков’[81], па според ова исто така може да се заклучи дека под δράκων се мисли на *еден вид змија*, додека на гривата има глави од *разни видови змии*. Аполодоровата *Библиотека* исто така претставува доцноантички спис (составена е во I–II век н. е.)[82], така што, според времето на нејзиното составување, можеме да забележиме дека и во овој текст δράκων ја има поспецифичната семантика што се среќава и кај другите автори од периодот на доцната антика.

[80] „Овој имал три глави како на пес, опашка на змеј, а на грбот имал глави од различни змии.“, Аполодор, *Библиотека* 2.5.12.

[81] Cf. GEL: **παντοῖος**, α, ον, *of all sorts or kinds, manifold*, ἄνεμοι Il. 2.397; δόλοι 3.202; ἀρετή 22.268, E. *Med*. 845 (lyr.); τέχνη Od.6.234, S. *Aj.* 752; φιλότης Od.15.246, S. *El.* 134; λῦπαι Id. OT 915; λόγοι E. *Hec.* 840; τύχαι Arist. *EN* 1100a5; ἐξυβρίσαι παντοῖα Hdt. 3.126; πολλὰ καὶ π. λέγειν Id. 9.90, etc.

[82] *Библиотека*, op. cit., предговор *Археологија на митот*, стр. 8.

## ЗАКЛУЧОК

Според примерите што ги разгледавме од Хомер, Хесиод, Пиндар, трагичарите итн., можеме да заклучиме дека постарите хеленски автори ги користат двата збора, δράκων и ὄφις, паралелно, без да потенцираат каква било разлика при употребата на едниот или на другиот збор. Подоцна, кај Аристотел под δράκων се подразбира некој посебен вид змија. Оттука, следува дека терминот δράκων подоцна веќе добива попрецизна семантика од ὄφις.

Со прифаќањето на хеленската култура, книжевност и митологија, и римските автори, кога ги пренесуваат митовите на латински јазик, често го задржуваат грчкиот збор во неговата латинизирана форма draco, -onis, паралелно користејќи ги автохтоните латински зборови anguis и serpens како синоними.

Кај доцноантичките хеленски и римски автори, пак, δράκων претставува огромна змија со фантастичен изглед што живее во Индија, Ајтиопија и Фригија. Сепак, во науката сè уште не е потврдено постоење на вакви змии, така што овој δράκων за којшто зборуваат овие автори останува во доменот на легендите. Оттука, следува дека во антиката сите овие термини се однесуваат на змијата без разлика дали се среќава како обично животно или како митолошко суштество.

Кога се јавува како митолошко суштество, змијата може да носи неколку натприродни карактеристики: 1. чудовишна големина; 2. крилја и способност за летање; 3. повеќеглавост. Сепак, кога кај змијата во хеленската митологија се јавуваат вакви натприродни атрибути, тие редовно се посебно нагласени, секогаш се посочува дека конкретната митолошка змија ја има таа конкретна карактеристика. Оттаму, произлегува дека овие атрибути кај митските змии не се подразбираат сами по себе во терминот δράκων, како што, да речеме, кај подоцнежната слика за змејот се подразбира дека е крилест и огромен[83].

[83] До таа мера што веќе во модерните претстави за дракон или змеј (на пример во претставите во научнофантастични филмови, видеоигри, литература и ликовна уметност) ние најчесто и не сме свесни дека основата на неговата форма е змија, туку повеќе наликува на крилест и рогат гуштер.

Змијата во митологијата претставува суштество со хтонски карактер и во тој аспект се јавува и како хтонско чудовиште поврзано со подземниот свет, но и во улога на хтонско божество заштитник на плодноста на земјата. Во митскиот начин на размислување, поради процесот на менување на старата кожа, таа се доживува како суштество што ја знае тајната на бесмртноста. Поради ваквото нејзино обновување, се поврзува и со плодноста, со постојаното обновување на вегетацијата. Од оваа причина, во човековата свест, таа не претставува само обично животно, туку со самата своја природа е подложна на митологизација и се доживува како натприродно суштество. Оттука произлегува дека змијата во митологијата се јавува во двојна природа, од една страна како страшно и опасно чудовиште што чува некое место или богатство и кое треба да биде победено од херојот, а од друга страна, како божествено суштество поврзано со плодноста и со пророчката вештина.

Следствено, би можеле да претпоставиме дека во митското размислување всушност и не постои разлика помеѓу „природна“ и „натприродна“ змија, туку дека, со самото тоа што е бесмртна, секоја змија во хеленската митологија е божествена или дајмонска. Можеби понатаму, како што човекот сè повеќе ја запознавал природата и дознавал работи за природата на змијата од биолошки аспект, така во човековата свест таа митска слика за змијата сè повеќе се одвоила од природната слика за неа, па со тоа, по пат на демитологизација, и во грчкиот јазик едниот збор, δράκων, се задржал да се однесува само на митската слика за змијата, а другиот, ὄφις (којшто во новогрчкиот гласи φίδι) само на природната.

Всушност, разликите сè повеќе се зголемуваат, па, од општ термин за змија до име за некој посебен вид на огромна змија, δράκων сè повеќе добива фантастични катактеристики и, во уметноста, книжевноста и во човековата имагинација, од обично животно постепено се претвора во митолошко чудовиште. Така, иако во старогрчкиот јазик има повеќе зборови што се однесуваат на змијата, токму овој збор постепено се издвоил, за до денес да се употребува за да го означи природното животно змија во неговата натприродна суштина.

Во средновековната книжевност, кај автори како Исидор Севиљски (Isidorus Hispalensis), Хуго де Фолието (Hugo de Folieto) итн.,

draco секогаш е споредeн со ѓаволот и со змијата од Едемската градина, и така во толкувањето на неговата симболика е додаден моралиѕаторски христијански аспект. Дури во доцниот среден век и раната ренесанса, со влијанието на христијанството, постепено доаѓа до тоа „драконот“ да ги добие сите тие чудовишни и фантастични карактеристики и моќи, како крилја, уши, нозе, огнен здив итн. (веројатно преземени или наследени од други чудовишта од античката митологија, како Тифаон и Химајра, кои во својот комплексен состав, меѓу другото, имаат и змиски, драконски дел). Така, од обична змија, дракон постепено се развива до сликата што нам денес ни е позната.

Сепак, δράκων во антиката сè уште едноставно претставува „само“ змија како реално, вистинско и *природно* суштество, којашто во хеленската култура, исто како и во секоја друга, поради самата своја мистична природа е доживувана како *натприродна* и се покажува погодна за „митологизација“.

# APPENDIX

## 6. Во однос на преводот на δράκων на македонски јазик

Би можеле условно да кажеме дека зборот δράκων во хеленската книжевност се среќава во два контекста: во митолошки контекст како чудовишна змија и надвор од митолошки контекст за змијата како обично животно.

Кога се сретнува со општото значење, без да алудира на животното во митолошки контекст, соодветен превод за δράκων на македонски јазик, секако, е зборот „змија“. Во старогрчкиот јазик, δρακών е именка од машки род[84], а именката „змија“ во македонскиот јазик, иако е од граматички женски род, се употребува за животното

[84] Женскиот род од именката δράκων е δράκαινα и, колку што ни е познато, најчесто се употребува во митолошки контекст, за женските *дракони* што се дел змии, а дел жени.

без оглед на полот, дури и ако е јасен[85]. Оваа разлика во родот помеѓу грчкиот и македонскиот не би требало да претставува проблем во преводот кога δράκων се однесува на обична змија, бидејќи во тој случај полот на животното и не е важен. Меѓутоа, при преводот во митолошки контекст понекогаш може да се јави проблем, поради тоа што полот на позначајните митолошки змии често е познат.

## 6. 1. Превод на δράκων со зборови што означуваат митолошки суштества во облик на змија во македонскиот и во јужнословенскиот фолклор

Покрај општиот термин „змија“ како превод за старогрчкиот δράκων на македонски јазик, преведувачите често користат и зборови што се однесуваат на митолошки суштества со змиски облик во јужнословенскиот фолклор, како змеј, ала, аждер и ламја.

Алата, или хала, во јужнословенскиот фолклор е атмосферски демон што носи невреме и град, чија најважна карактеристика е летање на небото[86]. Најчесто, иако не секогаш, се јавува во облик на крилеста змија. Наспроти ова, змиите во хеленската митологија исклучително ретко се крилести, па поради ова сметаме дека „ала“ не е соодветен превод за δράκων.

Според наше мислење, би требало да се одбегнува превод на δράκων како *аждер*, *ажда* или *аждаја*, бидејќи овие зборови најмногу заведуваат кон тоа δράκων да се замисли како средновековниот концепт на чудовиште што блуе оган (англиски *dragon*), којшто во антиката сè уште не постои[87]. Покрај тоа, зборот „аждаја“ (и неговата

[85] И без разлика дали во примарното значење, или во преносно значење, на пример, и за зла жена и за зол маж може да се каже „змија“, иако именката е од женски род.

[86] Стојковска (2004); Зечевиќ (1981); Бодирогиќ (2010).

[87] Единственото митолошко суштество во античката хеленска митологија што би можело да се смета за блиско до средновековниот концепт на dragon (аждер или змеј) е Тифон, бидејќи е огромно крилесто чудовиште со повеќе змиски глави, од чиишто очи и уста излегува оган. Блиска до европскиот концепт во хеленската митологија е и Химајра, едно од чедата на Тифаон и Ехидна. Иако не е крилеста, Химајра е троглаво чудовиште што блуе оган, чие тело е составено од три различни животни: коза, лав и змија.

изведенка „аждер“) има персиско потекло (Aži Dahāka, персиски ژاک دهاک), одомашен во македонскиот јазик преку турскиот[88].

Иако зборот *ламја* е прилично соодветен превод за англискиот *dragon*, сепак не е соодветен и како превод на δράκων во антички хеленски контекст, од две причини. Прво, овој збор во македонските народни приказни вообичаено се однесува или на алата (најчесто замислувана како крилеста змија) или на аждерот (змијолико чудовиште што најчесто живее во езера, но со нозе, а често и со крилја и огнен здив). Некогаш ламјата се замислува и како чудовишна жена, најчесто половина жена, половина змија[89]. Второ, самиот збор „ламја“, иако одамна одомашен во македонскиот јазик, е преземен од грчкиот Λάμια[90]. Од овие причини, сметаме дека овој збор не е соодветен превод за хеленскиот δράκων.

Преведување со терминот „змеј“ – оригиналното значење и изглед на ова митско битие во јужнословенскиот фолклор, пред сè, е многу различно од значењето и изгледот на средновековниот *dragon*. Змејот (или змев, змех) во јужнословенскиот фолклор е антропосооморфно битие, кое е комплексно и во составот и во значењето, бидејќи не подразбира исклучиво змиска форма, и со тоа е различен од хеленскиот δράκων, кој во антиката сè уште е само змија[91]. Сепак, самиот збор „змеј“, иако во македонскиот јазик се користи исклучиво за митско суштество, всушност етимолошки претставува граматички машки род од „змија“ (ст.сл. *zmii*[92]). Со тоа, всушност, тој веројатно е и единствениот автохтон словенски збор што во македонскиот јазик се однесува на митско суштество од овој тип[93]. Покрај тоа, старогрчките зборови δράκων и ὄφις се во граматички машки

[88] Стојковска (2004); Зечевиќ (1981); Бодирогиќ (2010).

[89] Стојковска (2004).

[90] Cf. GEL: **Λάμια** [ᾰ], ἡ, *a fabulous monster said to feed on man's flesh, a bugbear to frighten children with*, Ar. V.1177, Duris 17 J., etc. λάμια, ἡ, *a fierce shark*, Arist. *HA* 540b18, Gal. 6.727, Plin. *HN* 9.78; cf. λάμνα, λάμβαι.

[91] Стојковска (2004); Зечевиќ (1981); Бодирогиќ (2009).

[92] В. фуснота бр. 63.

[93] Како што веќе видовме, *ламја* е заемка од грчкиот, а *аждаја* од персискиот. Потеклото на *(х)ала* не е сигурно, но се смета дека доаѓа или од турскиот *ala* ‘змија’ или од грчкиот *χάλαζα* ‘град’.

род, а кај змиите во митологијата често е јасен нивниот пол, особено кај оние што носат лично име, како Питон, Ладон итн. Од овие причини, кога δράκων или ὄφις се јавува во митолошки контекст и кога е јасно дека споменатиот δράκων е од машки род, сметаме дека сепак е најсоодветно да се преведе како „змеј“ наместо „змија“.

Во еден стих во *Одисеја* (4.457), каде што се зборува за преобразбите на морскиот старец Протеј, М. Д. Петрушевски го преведува δράκων како „змиок“[94]. Иако метрички одговара и „змија“, веројатно е дека преведувачот се одлучил за „змиок“ не само поради фактот што δράκων во старогрчкиот јазик е именка од машки род туку и поради контекстот, бидејќи Протеј е машки бог и се претпоставува дека се преобразува во животни од машки пол (иако во истиот контекст во истиот стих σῦς е преведен во женски род „свиња“). Иако зборот „змиок“ веројатно е употребен metri causa, според наше мислење, би можел да стане и стандарден превод на δρακών, доколку се потенцира дека се работи за змија од машки пол, односно кај митолошките змии што имаат и лично име.

## 6. 2. Неколку начини на превод на женскиот род δράκαινα

Кога се јавува во митолошки контекст, сметаме дека преводот на δράκαινα едноставно како „змија“ би бил недоволен, иако е именка од женски род, бидејќи не би ја доловил двојната природа на митолошката δράκαινα.

Во македонските и бугарските народни приказни и песни, иако поретко, покрај змеј се сретнува и женскиот род, змеица[95]. Исто како и змејот, и змеицата во фолклорот (и покрај името што алудира на „змија“) не секогаш носи змиски карактеристики, туку може да зема човечки[96] или разни животински облици. Сепак, доколку δρά-

[94] „αὐτὰρ ἔπειτα **δράκων** καὶ πάρδαλις ἠδὲ μέγας σῦς:“
„Потоа, пак, како **змиок** и пантер и голема свиња“
(Хомер, *Одисеја* 4.457, превел и препеал Михаил Д. Петрушевски).

[95] *Зборник на бугарски народни умотворби*, собрани и издадени од К. А. Шапкарев, том 1, песни „Змеова женитба со Стојанка“ и „Дона и брат и Михаил болен – љубен от змеица“.

[96] Стојковска, 2004.

κων се преведе како *змеј*, сметаме дека *змеица* би бил сосема соодветен превод за δράκαινα, ако се земе предвид нејзината митолошка природа на половина девојка, половина змија.

Од друга страна, како што веќе беше кажано, во јужнословенскиот фолклор суштеството *ламја* (чие име е преземено од грчкиот јазик) неретко се замислува како половина жена, половина змија. Затоа, иако не е соодветен превод за δράκων, според нас „ламја" сепак би можел да биде уште еден сосема погоден превод за δράκαινα.

### 6. 3. Заклучок во однос на преводот

Сумирано, наш предлог е, кога се сретнува надвор од митолошки контекст, како обично животно, δράκων да се преведе едноставно како „змија" доколку е општо и не е истакнат полот на животното, а доколку некако се потенцира дека е машка змија, тогаш со машки род „змиок". Кога, пак, се сретнува во јасен митолошки контекст, сметаме дека би било најсоодветно машкиот род δράκων да се преведе како „змеј" или повторно „змиок", а женскиот род δράκαινα како „змеица" или „ламја". Покрај тоа, кога δράκων се сретнува во корелација со ὄφις (како на пример во составот на Тифоеј и на Химајра кај Хесиод или на Кербер кај Аполодор), би можело ὄφις да се преведе како „змија", а δράκων како „змеј" (или, во конкретните случаи, за δράκων сосема е соодветен и преводот „аждер", бидејќи сепак станува збор за комплексни митски чудовишта). Алтернативно решение би било, кога се однесува на митолошка змија, оригиналниот збор едноставно да се транслитерира, да остане „дракон", бидејќи овој збор секако веќе постои како грцизам во македонскиот јазик.

## Библиографија

### Изворни текстови и преводи:

Ајсхил, *Орестија*, препев од старогрчки јазик, предговор и белешки Даница Чадиковска, Метафорум, Младински културен центар, Скопје, 1994.

Ајсхил, *Приковániот Прометеј*, препев, предговор и белешки Михаил Д. Петрушевски, Македонска книга, Скопје, 1978.

Аполодор, *Библиотека (Хеленска митологија)*, превод од старогрчки јазик, предговор, белешки и коментари Весна Томовска, Македонска реч, Скопје, 2009.

*Гилгамеш. Сумерски еп*, препев Михаил Ренцов, Мисла АД, Скопје, 2000.

Еврипид, *Електра. Орест. Ифигенија во Таврида*, превод од старогрчки Даница Чадиковска, Зумпрес, Скопје, 1998.

Еврипид, *Медеја*, препев од старогрчки јазик, предговор и белешки Катерина Колозова, Метафорум, Скопје, 1994.

Еврипид, *Хиполит. Ифигенија во Авлида. Бакхи*, препев од старогрчки Даница Чадиковска, Зумпрес, Скопје, 1995.

*Зборник на бугарски народни умотворби*, собрани и издадени од К. А. Шапкарев, Печатница Либерален клуб, Софија, 1891-1894.

*Зборник народни песни*, приредиле Димитар и Константин Миладинови, Јакиќ, Загреб, 1891.

Овидиј, *Преобразби*, препев од латински Љубинка Басотова, Три, Скопје, 2002.

Софокле, *Трахинки. Ајант. Електра*, препев од старогрчки Даница Чадиковска, Зумпрес, Скопје, 1995.

Херодот, *Историја*, превод од старогрчки, предговор, белешки за писателот и делото, коментари на текстот Даница Чадиковска, Зумпрес, Скопје, 1998.

Хесиод, *Теогонија*, препев од старогрчки Марија Чичева-Алексиќ, Сигмапрес, Скопје, 2001.

Хигин, *Митови*, превод од латински јазик, увод, белешки и индекс Светлана Кочовска-Стевовиќ, Три, Скопје, 2016.

Хомер, *Илијада*, препев од старогрчки Михаил Д. Петрушевски, Детска радост, Скопје, 1995.

Хомер, *Одисеја*, од старогрчкиот оригинал превел и препеал Михаил Д. Петрушевски, ракописот го приредиле за печат Калиопа Петрушевска и Владимир Петрушевски, Магор, Скопје, 2008.

*Хомерски химни*, препев од старогрчки, предговор, белешки, коментар и индекс со објаснувања Марија Чичева-Алексиќ, Сигмапрес, Скопје, 2011.

Цепенков, М. К., *Македонски народни приказни*, книга прва, приредил Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1989.

Aelianus, C., *De natura animalium libri* XVII, Varia historia, Epistolae fragmenta, Vol 1, Aelian, Rudolf Hercher, in Aedibus B.G. Teubneri, Lipsiae, 1864.

Apollonius Rhodius, *Argonautica,* ed. and trans. by William H. Race, Loeb Classical Library, Harvard University Press, Cambridge, 2009.

Aristotle, *History of animals*: *In ten books* trans. by Cresswell, R., H.G. Bohn, London, 1862.

Dionysios Periegetes, *Orbis Descriptio. Cum Comentariis Eustathii, Archiepiscopi Thessalonicensis,* Sheldonian Theatre, Oxford, 1710.

Homer, *Homeri Opera in five volumes*, edited by David B. Monro and Thomas W. Allen, Oxford University Press, Oxford, 1920.

Maeandrius Hist., *Fragmenta* (2339: 002), "FHG 2", Ed. Müller, K., Paris: Didot, 1841–1870.

Nonnus, *Dionysiaca* trans. by W. H. D. Rouse, Harvard University Press, Cambridge, MA, 1984.

Philostratus, *Philostratus, Imagines: Callistratus, Descriptions* with an English translation by Arthur Fairbanks, Harvard University Press, Cambridge, 1960.

Philostratus, *The life of Apollonius of Tyana* trans. by Berwick, E., Printed for T. Payne by J. M'Creery, London, 1809.

Pindar, *The Olympian and Pythian odes*, edited by Basil L. Gildersleeve, Macmillan, London, 1908.

Pliny the Elder, *Historia naturalis*, ed. by Joyce Irene Whalley, Victoria and Albert Museum, London, 1982.

*Saga of the Volsungs: The Norse Epic of Sigurd the Dragon Slayer*, introduction and translation by Jesse L. Byock, University of California Press, Berkeley – Los Angeles – London, 1990.

Snorri Sturluson, *The prose Edda: Norse mythology*, Translated with an Introduction and Notes by Jesse L. Byock, Penguin, London, 2005.

## Друга литература:

БЕР = Георгиев, Вл., Гълъбов, Ив., Заимов, Й., Илчев. Ст., *Български етимологичен речник. Том I (А – З)*, Вл. И. Георгиев (ред.), Издателство на БАН, 1971 – Академично издателство „Проф. М. Дринов", София, 2007.

Бодирогић, М. (2009), *Виле и змајеви: Српска митологија*, Орфелин, Нови Сад.

Бодирогић, М. (2010), *Прогнана бића: Српска митологија*, Орфелин, Нови Сад.

Зечевић, С. (1981), *Митска бића српских предања*, ИРО Вук Караџић, Београд.

Софрониевски, В. (2001), *Латинско-македонски речник*, Бигосс, Скопје.

Стојковска, Г. (2004), *Речник на јужнословенска митологија*, Три, Скопје.

DELG I = Chantraine, P., *Dictionnaire étymologique de la langue grecque, Histoire des mots*, Tome I, Éditions Klincksieck, Paris, 1968.

EDG = Beekes, R., *Etymological Dictionary of Greek*, with the assistance of Lucien van Beek, Vol. I, Brill, Leiden – Boston, 2010.

EDL = De Vaan, M., *Etymological Dictionary of Latin and the other Italic Languages*, Brill, Leiden – Boston, 2008.

EDSIL = Derksen, R., *Etymological Dictionary of the Slavic Inherited Lexicon*, Leiden – Boston, 2008.

GEL = Liddell, H.G. – Scott, R., *A Greek-English Lexicon*, Clarendon Press, Oxford, 1996.

GHR = Senc, S., *Grčko-hrvatski rječnik za škole*, treće izdanje, reprint 1910, ITP Naprijed, Zagreb, 1991.

Ogden, D. (2013), *Drakon: Dragon Myth and Serpent Cult in the Greek and Roman Worlds*, Oxford University Press, Oxford.

Vasiljev, S. (1990), *Mitlogija Drevnih Slovena*, FCP "Matroz" Stamperija, Srem. Mitrovica.

# The Semantics and Symbolism of δράκων in Ancient Greek Literature and Mythology

## SUMMARY

**Slobodan Tanaskovski**

Student at the Institute of Classical Studies
Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

slobodantanaskovski@yahoo.com

Due to the long lasting period of intercultural tradition, which led to the Greek word δράκων being accepted as an international term in many different languages referring to a special type of mythical beast, the modern concept of this mythical beast often leads us astray into imagining the ancient concept erroneously. Namely, when speaking of δράκων in ancient Greek mythology, and in ancient Greek and Roman literature in general, the picture is quite different. The mythological concept of a "dragon", which is so well known to us today and which we already "take for granted", in the Hellenic world in antiquity is still practically unknown.

Starting with the etymology of the term δράωκν, this graduation thesis makes an attempt at grasping the precise semantics of this word in the Ancient Greek language. Along the way, other words referring to a serpent are taken in consideration as well, both in Greek and in Latin, with a special accent on the use of these words in a mythological context.

For that purpose, the text takes a closer look at several important serpents of Greek myth, including: the guardian of the golden apples of the Hesperides, the serpent of the myth concerning the founding of Thebes, the guardian of the golden fleece, the serpent of the Delphic myth of Apollo, as well as the Hydra of the Lernaean pond. After that, the text also takes a brief look at a few mythical monsters representing

complex forms of different creatures grown together, including a serpentine part in their bodies, like Typhon, Echidna and Chimaera.

With the purpose of examining the true semantics of δράωκν, the text offers examples from different Ancient Greek authors, starting from Homer, through Hesiod and the tragedians, to Apollodorus' *Bibliotheca*, as well as examples from some of the more important Roman authors in the field of myth, Ovid and Hyginus. Along the way, the text also takes a look at the use of the term δράκων in Aristotle and a in a few of the late antiquity Greek and Roman authors.

*Keywords: δράκων, ὄφις, draco, serpens, anguis, Greek mythology, mythical creature*